Проект Биро увоз-извоз ДОО-Охрид

Ул. Ѓорче Петров 4/1 Охрид, Македонија
тел.+38970232411

Проект: **Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица „М1“ (дел од М4) и собирна улица „С2“ согласно Измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) - Општина Струга**	Место на градење: **Општина Струга**
Инвеститор: **Општина Струга**	објект: **Кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица „М1“ (дел од М4) и собирна улица „С2“**

Технички. број:	Датум на изработка:	Знак:	Фаза:
01-23/13	**06.2024**	**У**	**Урбанистички проект**

Makedonski Telekom CA, Igor Martinoski
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Igor Martinoski
DN: c=MK, o=Makedonski Telekom, cn=Makedonski Telekom CA, serialNumber=CRT3579428, cn=Igor Martinoski
Date: 2024.06.14 14:32:31 +02'00'

(М.П)

JORGO SHUNDOVSKI
Digitally signed by JORGO SHUNDOVSKI
Date: 2024.06.17 15:40:56 +02'00'

Elizabeta Filoska Loshkoska
Digitally signed by Elizabeta Filoska Loshkoska
DN: cn=Elizabeta Filoska Loshkoska gn=Elizabeta c=MK o=PROEKT BIRO uvoz-izvoz DOO Ohrid ou=VAT - 4020008503619
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2024-06-14 14:52+02:00

Инвеститор:

Општина Струга

Управител

Елизабета Филоска Лошкоска

Инвеститор:	општина Струга
Објект:	Кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица „М1“ (дел од М4) и собирна улица „С2“
Место:	општина Струга
Ниво на проект:	Урбанистички проект за инфраструктура
Содржина / Фаза:	У Урбанистички проект
Одговорен планер:	Игор Мартиноски д.и.а., Овластување 0.0616
Технички број:	01-23/13
Датум на изработка:	06, 2024

Управител

Елизабета - Филоска Лошкоска

СОДРЖИНА

- **ОПШТ ДЕЛ**

- **ПЛАНСКИ ДЕЛ**

- ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ
  1. ВОВЕД

  ПРОЕКТНА ПРОГРАМА
  2. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ
  3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО
  4. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ
  5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

- ГРАФИЧКИ ДЕЛ
  1. ИЗВОД ОД ГУП СО ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
  2. ИЗВОД ОД УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА – ЗБИРЕН ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ
  3. АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
  4. КАРТА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА
  5. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ
  6. СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ СО НИВЕЛМАН
  7. ИНФРАСТРУКТУРНО РЕШЕНИЕ
  8. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ - СИТЕЗЕН ПРИКАЗ

ПРОЕКТЕН ДЕЛ

ИДЕЕН ПРОЕКТ

ОПШТ ДЕЛ

- Потврда за регистрирана дејност
- Лиценца А за проектирање на проектна документација
- Решение за одредување на одговорен планер
- Овластување на одговорен планер

Број: 0809-50/150020240211566

Датум и време: 14.6.2024 г. 09:00

Дигитално потпишан од: CRRSM
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 14.06.2024 во 09:00
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing Qseal CA G2
Сертификатот е валиден до: 07.11.2024
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

/Електронски издаден документ/

П О Т В Р Д А

за регистрирана дејност

ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	6369804
Назив:	Трговско друштво за проектирање инжинеринг градежништво трговија производство и услуги ПРОЕКТ БИРО увоз-извоз ДОО Охрид
Седиште:	ЃОРЧЕ ПЕТРОВ бр.4/1 ОХРИД, ОХРИД

ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ	
Предмет на работење:	Регистрирана е општа клаузула за бизнис
Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:	41.10 - Развој на градежни проекти
Други дејности во внатрешниот промет:	Нема
Евидентирани дејности во надворешниот промет:	Има
Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:	Нема

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Верификација
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/E941739D8B07FDA63B748A1F93692043A10A80EBF9C6AABDCC0DC14B6F2AAE60

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

Дигитално потпишан од: CRRSM
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 14.06.2024 во 08:50
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing Qseal CA G2
Сертификатот е валиден до: 07.11.2024
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

Број: 0805-50/150020240211511

Датум и време: 14.6.2024 г. 08:50

/Електронски издаден документ/

Т Е К О В Н А С О С Т О Ј Б А

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	6369804
Целосен назив:	Трговско друштво за проектирање инжинеринг градежништво трговија производство и услуги ПРОЕКТ БИРО увоз-извоз ДОО Охрид
Кратко име:	ПРОЕКТ БИРО увоз-извоз ДОО Охрид
Седиште:	ЃОРЧЕ ПЕТРОВ бр.4/1 ОХРИД, ОХРИД
Вид на субјект на упис:	ДОО
Датум на основање:	19.6.2008 г.
Времетраење:	Неограничено
Деловен статус:	Активен
***Вид на сопственост:**	Приватна
ЕДБ:	4020008503619
Потекло на капиталот:	Домашен
Големина на субјектот:	микро
Организационен облик:	05.3 - друштво со ограничена одговорност
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог EUR:	0,00
Непаричен влог EUR:	5.100,00
Уплатен дел EUR:	5.100,00
Вкупно основна главнина EUR:	5.100,00

Верификација
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/765C650948189D3A5F71538D38FCA62CC627B0B2CC1D8E74E8C07BBED8CA71F3

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

СОПСТВЕНИЦИ	
Име и презиме/Назив:	ЕЛИЗАБЕТА ФИЛОСКА ЛОШКОСКА
Адреса:	НАСЕЛЕНО МЕСТО БЕЗ УЛИЧЕН СИСТЕМ ТРПЕЈЦА, ОХРИД
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог EUR:	0,00
Непаричен влог EUR:	3.400,00
Уплатен дел EUR:	3.400,00
Вкупен влог EUR:	3.400,00

Име и презиме/Назив:	ЕВГЕНИЈА ЛОШКОСКАпреку законски застапник ЕЛИЗАБЕТА ФИЛОСКА ЛОШКОСКА
Адреса:	НАСЕЛЕНО МЕСТО БЕЗ УЛИЧЕН СИСТЕМ ТРПЕЈЦА, ОХРИД
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог EUR:	0,00
Непаричен влог EUR:	1.700,00
Уплатен дел EUR:	1.700,00
Вкупен влог EUR:	1.700,00

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	41.10 - Развој на градежни проекти
ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС	
Евидентирани се дејности во надворешниот промет	

ОВЛАСТУВАЊА	
Овластени лица	
Име и презиме:	ЕЛИЗАБЕТА ФИЛОСКА ЛОШКОСКА
Адреса:	НАСЕЛЕНО МЕСТО БЕЗ УЛИЧЕН СИСТЕМ ТРПЕЈЦА, ОХРИД
Овластувања:	Управител
Тип на овластување:	Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет
Овластено лице:	Овластено лице

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ	
Дополнителни информации:	Решение О бр.256/2021 УДР бр.36/2021 од 11.05.2021 год.,НОТАР Станка Горичан-Охрид
КОНТАКТ	

Верификација
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/765C650948189D3A5F71538D38FCA62CC627B0B2CC1D8E74E8C07BBED8CA71F3

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

E-mail:	proektbiro@yahoo.com

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Верификација
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/765C650948189D3A5F71538D38FCA62CC627B0B2CC1D8E74E8C07BBED8CA71F3

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 38 став (1) и член 16 став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18,и „Службен весник на Република Северна Македонија'' 244/19, 18/20 и 279/20), Министерството за транспорт и врски издава

Л И Ц Е Н Ц А А
ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ГРАДБИ ОД ПРВА КАТЕГОРИЈА

на

Трговско друштво за проектирање инженеринг градежништво трговија производтсво и услуги ПРОЕКТ БИРО увоз-извоз ДОО Охрид

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

ЃОРЧЕ ПЕТРОВ бр.4/1 ОХРИД, ОХРИД

ЕМБС: 6369804

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО 17.07.2029 година

Број П.311/А

17.06.2022 година

(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР

Благој Бочварски

Врз основа на Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 2019/21, 104/22 и 99/23), управителот на Проект Биро увоз извоз ДООЕЛ Охрид го донесува следното:

Р Е Ш Е Н И Е

За одредување на **одговорен планер** за изработка на проектната документација

Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица „М1“ (дел од М4) и собирна улица „С2“ согласно Измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) Општина Струга

За одговорен планер за урбанистички проект се одредува:

Игор Мартиноски, д.и.а., Овластување 0.0616

Образложение

Одредениот планер е сопственик на Овластување за изработување на урбанистички планови односно планер-потписник на планска документација.

Охрид,
10.2023 год.

Управител

Елизабета - Филоска Лошкоска

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

ИГОР МАРТИНОСКИ

дипломиран инженер архитект (NQF VII/1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: 0.0616

Издадено на: 06.11.2023 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Кристинка Чулак
дипл. инж. арх.

ПЛАНСКИ ДЕЛ

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

- ВОВЕД
- ПРОЕКТНА ПРОГРАМА
- ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ
- ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО
- ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ
- МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица „М1“ (дел од М4) и собирна улица „С2“ согласно Измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) општина Струга

ВОВЕД

Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица „М1“ (дел од М4) и собирна улица „С2“ согласно Измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) - општина Струга ќе се изработува врз основа на просторните можности на локацијата, постојната состојба, Ажурираната геодетска подлога, Проектната програма, Одредбите кои произлегуваат од изводот од ГУП, како и потребите на Нарачателот.

Изготвувањето на проектната докуменатција се врши во согласност со чл.58 став(2) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 32/20 и 111/23), и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Цел на изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица „М1“ (дел од М4) и собирна улица „С2“ согласно Измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) - општина Струга планирање на кружен тек од времен карактер на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица „М1“ (дел од М4) и собирна улица „С2“ согласно постојната состојба и постојните сообраќајни профили на двете улици.

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА
за изработка на
Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица „М1“ (дел од М4) и собирна улица „С2“ согласно Измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) - Општина Струга

ВОВЕД

Изработка на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица „М1“ (дел од М4) и собирна улица „С2“ согласно Измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) - Општина Струга се изработува на барање на нарачателот Општина Струга.

Предметната инфраструктура предмет на разработка со урбанистичкиот проект е кружен тек од времен карактер на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица „М1“ (дел од М4) и собирна улица „С2“ согласно постојната состојба и постојните сообраќајни профили на двете улици.

1.ОПИС НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Проектниот опфат се наоѓа во северозападниот дел на градот Струга на вкрстувањето на Магистрална улица „М1“ (дел од М4) и собирна улица „С2“.

Во проектниот опфат се пристапува од постојните улици М1 и С2.

Површина на проектниот опфат е 10 710m2 (1.07ха).

Границата на проектниот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки по X и У координати:

X=7472672.4629 Y=4560018.8300
X=7472689.5387 Y=4559985.5626
кривина 0.0284
центар X=7472994.4501 Y=4559313.1094
радиус 738.3524
почетен агол 114.3910
краен агол 120.8898
X=7472615.3889 Y=4559946.7314
кривина -0.1442
центар X=7472590.8428 Y=4559951.5023
радиус 25.0055
почетен агол 349.0009
краен агол 316.1825
X=7472608.8855 Y=4559934.1895
X=7472629.5979 Y=4559856.5087
X=7472604.5730 Y=4559850.9976
X=7472585.2759 Y=4559923.3701
кривина 0.5137
центар X=7472580.7345 Y=4559922.1593
радиус 4.7000
почетен агол 14.9298
краен агол 123.6868
X=7472578.1277 Y=4559926.0700
кривина 0.0209
центар X=7473095.7302 Y=4559149.5716
радиус 933.2000
почетен агол 123.6868
краен агол 128.4780
X=7472515.0805 Y=4559880.1249
X=7472492.3681 Y=4559904.9896
кривина -0.0251
центар X=7473095.7302 Y=4559149.5716
радиус 966.8000
почетен агол 128.6148
краен агол 122.8575
X=7472571.1911 Y=4559961.7051
кривина -0.0004
центар X=7473095.7294 Y=4559149.5728
радиус 966.7985
почетен агол 122.8575
краен агол 122.7735
X=7472572.3828 Y=4559962.4736
кривина 0.1565
центар X=7472536.7657 Y=4559980.6786
радиус 40.0000
почетен агол 332.9272
краен агол 8.4965
X=7472576.3267 Y=4559986.5885
X=7472575.4200 Y=4559990.9800
X=7472570.4200 Y=4560009.7300
X=7472562.3800 Y=4560039.8800
X=7472559.1579 Y=4560051.8844
X=7472570.7584 Y=4560054.9704
X=7472571.6053 Y=4560051.7942
X=7472571.6053 Y=4560051.7942
X=7472585.2075 Y=4560000.7799
кривина 0.0619
центар X=7472683.1248 Y=4560037.4541
радиус 104.5600
почетен агол 200.5331
краен агол 214.6957
X=7472597.1569 Y=4559977.9367
кривина -0.0010
центар X=7473095.7215 Y=4559149.6039
радиус 966.7998
почетен агол 121.0433
краен агол 120.8146
X=7472600.4665 Y=4559979.9197
кривина -0.0212
центар X=7473095.7216 Y=4559149.6037
радиус 966.8000
почетен агол 120.8146
краен агол 115.9632

2.ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Согласно Член 58 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник бр.32/20 и 111/23) како и Член 56 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 93/23) Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица „М1“ (дел од М4) и собирна улица „С2“ согласно Измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) - Општина Струга се изработува за разработување архитектонските елементи на партерот и надземните делови од инфраструктурата, градежните и сообраќајните елементи на улиците или сообраќајницата, и градежно-техничките елементи.

Предметната инфрастурктура треба да претстаува кружна крстосница со профил усогласен на постоечкте профили на улица магистрална улица М1 и собирна улица С2, а во согласност со доставените подлоги и постојна проектна документација од страна на нарачателот.

- Извод од ГУП бр.10-сл. од 26.07.2023
  (Измена и дополна на ГУП на град Струга – 2007-2017) одлука бр.07-643/7 од 05.04.2007
- Основен проект за изградба на собирна улица С2 со тех. бр. 0308-89-533/2019/2 од 09.2019

3.ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

Новопланираната градба да се усогласи со постојанта состојба и важечките сообраќајни, градежни и урбанистички параметри од предметната област.

4. МЕТОДОЛОГИЈА

Методологијата на изработка на Урбанистички проект ќе биде во согласност со член 58, 59, 60, 61 и 62 од Законот за урбанистичко планирање(Сл. весник на РСМ 32/20 и 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање(Сл. весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 93/23).

При изработка на Урбанистичкиот прокет ќе се обезбедат податоци од надлежни институции во врска со постојна комунална инфраструктура, културно наследство, мерки за заштита и спасување, животна средина и сл.

Покрај урбанистичкото решение на градежната парцела, составен дел од урбанистичкиот проект е и идејниот проект.

ОПШТИНА СТРУГА
KOMUNA E STRUGËS

Примено Pranuar 23-08-2023			
Орга.единица Njes.organizative	Број Numer	Прилог Shtese	Вредност Vlera

Нарачатеч:

Република Северна Македонија
Градоначалник на општина Струга
Kryetari i Komunës së Strugës
Republika e Maqedonisë së Veriut

2. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Проектниот опфат се наоѓа во северозападниот дел на градот Струга на вкрстувањето на Магистрална улица „М1“ (дел од М4) и собирна улица „С2“.
Во проектниот опфат се пристапува од постојната улица М1.
Површина на проектниот опфат е 13 468m2 (1.35ха).
Кординати на граници на проектниот опфат се:

прекршна точка	x	y
T1	4,559,937.44	7,472,612.08
T2	4,559,933.99	7,472,609.63
T3	4,559,856.83	7,472,628.79
T4	4,559,851.09	7,472,607.55
T5	4,559,926.21	7,472,586.29
T6	4,559,918.54	7,472,569.62
T7	4,559,908.09	7,472,553.97
T8	4,559,895.21	7,472,535.54
T9	4,559,882.46	7,472,518.14
T10	4,559,922.80	7,472,488.38
T11	4,559,926.80	7,472,490.78
T12	4,559,931.82	7,472,498.16
T13	4,559,959.94	7,472,541.52
T14	4,559,963.74	7,472,547.38
T15	4,559,984.32	7,472,576.66
T16	4,559,988.81	7,472,576.00
T17	4,560,027.65	7,472,565.64
T18	4,560,035.18	7,472,556.23
T19	4,560,044.29	7,472,558.11
T20	4,560,051.16	7,472,556.42
T21	4,560,057.00	7,472,577.46
T22	4,560,011.80	7,472,628.38
T23	4,559,968.70	7,472,653.91
T24	4,559,946.90	7,472,615.82
T25	4,559,940.77	7,472,614.36
T26	4,559,937.44	7,472,612.08

Во граници на проектниот опфат постои следната намена на земјиште:

- Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури 2 376м² (18%)
- Н3 – Неизградено земјиште 11 092м² (82%)

ВКУПНО (Проектен опфат) 13 468м² (100%)

Во граници на проектниот опфат нема постојни објекти.

Урбани параметри на ниво на проектн опфат:

Површина на проектниот опфат	13 468м²
Површина под градби	/
Развиена површина	/
Процент на изграденост	0%
Коефициент на искористеност	0.00
Катност на градби	/

Во текот на изработката на Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица „М1“ (дел од М4) и собирна улица „С2“ согласно Измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) - општина Струга собрани се податоци и информации од сите релевантни и надлежни државни органи, институции, дирекции, агенции на државно и локално ниво. Според добиените податоци, во рамките на проектниот опфат постојат подземни инсталации.

Сообраќај

Согласно податоците добиени од ЈПДП на РСМ (бр.10-9280/2 од 27.09.2023), предметниот проектен опфат поминува транзитен дел од магистралниот пат А2 (М-4) за кој во плановите на ЈПДП не е предвидено проширување ниту менување на сегашната траса.

Согласно податоците добиени од АЦВ на РСМ (бр.12-8/1299 од 25.09.2023 во предметниот опфат нема објекти, инсталации , уреди или било какви структури од областа на цивилното воздухопловство, а градбите во планскиот опфат не преставуваат препрека и нема да влијаат на безбедноста на цивилниот воздушен сообрачај, поради што може да се планира без посебни услови и ограничувања од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Водовод и канализација

Согласно добиеното мислње од ЈП Водовод и канализација Струга (бр.09-182/2 од 29.02.2024) во граница на проектниот опфат има постојни хидротехнички инсталации:

- постојна водоводна мрежа Ф150, Ф300 и Ф340 во сверниот дел на опфатот
- постојна фекална канализација „западен колектор“ во северниот дел на опфатот

Согласно добиеното известување од АД Водостопанство на РСМ (бр.11-708/3 од 22.04.2024) граница на проектниот опфат во западниот дел зафаќа мал дел од главниот Калишки одводен канал во вид на триаголник, односно КП 2834/2 и КП 2836/2 која претставува заштитен појас на на истиот канал. Во заштитниот појас на одводен канал не е дозволена никаква градба која би имала негативно влијание во одржување на истиот со механизација.

Доколку се планира изградба на било каква инфраструктура потребно е да се обезбеди водостопанска согласност согласно Законот за води.

Електроенергетска инфраструктура

Согласно добиените податоци од - ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје (бр.10-25/7-336 од 22.09.2023), на предметната локација има електроенергетски објекти и инфраструктура во нивна сопственост. Односно подземни инсталации од 10(20)кв Согласно добиените податоци од - АД МЕПСО (бр.11-5705/1 од 29.09.2023), предметниот опфат не се пресекува со ЕЕ инсталации во сопственост на АД МЕПСО.

Согласно добиените податоци од АД ЕСМ (бр.08-5992/2 од 04.10.2023) проектниот опфат нема постојни и планирани инсталации во сопственост на АД ЕСМ и други податоци и информации кои се во судир со надлежностите во тој дел.

Телекомуникациска инфраструктура

Согласно податоците добиени од - Македонски Телеком АД, Скопје (бр.55729 од 27.09.2023, во границите на предметниот опфат има постојна МКТ инфраструктура. Согласно податоците добиени од АЕК со бр. 1404-2560/2 од 19.09.2022 година, за посочената локација нема податоци за нивни изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

Други податоци, информации и мислење од јавни институции

Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за води (11-1827/2 од 05.04.2024),Ве известуваме дека планскиот опфат зафаќа површински водотек, кој поминува низ КП 2834/2 и КП 2834/1 КО Струга кој во Агенција за катастар на недвижности се заведени под култура „река“.

Од тие причини, согласно Законот за Води (Сл.весник на РМ бр.87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и 151/21) при изработка на урбанистичка проектна документација потребно е да се запазат и да се вградат во текстуалниот дел од проектот, во делот Мерки за заштита следниве критериуми за заштита, одржување и уредување на површински води и крајбрежни земјишта:

1. Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, забрането е, освен со дозвола или согласност, изградба на постројки и објекти во заштитниот крајбрежен појас во широчина од 50м зад линијата на допирање на педест годишната вода кај нерегулирани водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулирани водотеци, а во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определува советот на општините и советот на градот Скопје на предлог на градоначлникот на општината, по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работи од областа на животната средина.
2. Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, езерата и акумулациите се забранува, освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон:

- да се менува правецот на водотекот
- да се врши градба или зафат кој би имал негативно влијание врз протокот на водотекот
- да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите
- да се сечат дрвја, грмушки и друга вегетација во речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите
- да се вади чакал, песок и камен од коритата и бреговите на површинските водни тела за да недојде до влошување на постојаниот режим на водите и се предизвикуваат процеси на ерозија или оневозможува користење на водите
- да се изгради брана, насип или слична препрека која би имала негативно влијание на протокот на водотекот;
- да се фрла отпаден материјал (комунален, индустриски и др.), земја, градежен шут, јаловина и слично

- да се вршат други активности со кои се оштетуваат речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите.

3. Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува
- да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се згразува стабилноста на обрамбените насипи
- да се копа земја, да се седат дрвја и грмушки, забиваат колци или да се подигаат огради доколку не се составен дел на системот за одбрана од поплави
- да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади и да се изведуваат активности кои би можеле да го загрозат наменското користење на водостопанските објекти и постројки
- да се копаат и дупчат бунари на растојание помало од 20м од ножицата на обрамбените насипи
- да се копаат прокопи и паралелни канали по должината на насипот, поблиски од 10м од внатрешната и 10м од надворешната страна на ножицата на насипот
- во појасот на обрамбениот насип и други заштитни водостопански објекти и постројки да се сечат дрвја, врбјаци и грмушки што се составен дел на заштитата, обрамбените работи и мерки, ако тоа е определено со планот за одржување на заштитните објекти и постројки
- да се врши сообраќај долж или преку водостопанските објекти и постројки освен на определени места за тоа (природни рамки)
- да се вади песок, чакал, камен и друго од заштитените водостопански објекти и постројки ако тоа не е предвидено со планот за нивно одржување
- да се вршат и други работи кои би можеле да ја загрозат стабилноста на обрамбените насипи или се оштетуваат водостопанските објекти и постројки.

4. Изведувањето на водостопанските објекти и постројки, да се врши во согласност сонприфатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно – техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците.

5. Да се спроведат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции.

6. Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, езерата и акумулациите за спорт, рекреација и слични активности е слободен.

7. Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од населени и индустирски места. Квалитетот на испуштената вода во водотекот треба да биде во согласност со Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води и Уредбата за класификација на водите (Сл.весник на РМ бр.18/99).

Согласно Законот за води Министерството за животна средина и просторно планирање издава Водостопанска согласност, заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти коишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои што се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите.

Со оглед на тоа дека во близина на планскиот опфат поминува и хидросистем од водостопански објекти за уредување на режимот на користење на водите потребно е да се обратите до АД Водостопанство на РСМ како надлежен правен субјект кој управува и стопанисува со овие објекти за одредени мерки и услови кои треба да бидат задоволени при изработка на проектна документација.

Министерството за животна средина и просторно планирање не може да се произнесе по однос на местоположбата на постоечките или планирани водоводни и канализациони инсталации на планираниот опфат, затоа што не располага со таков вид на податоци и не управува со истите. Според одредбите од Законот за регистрација на подземни и надземни инфраструктурни објекти и придружни инсталации (Сл.Весник на РМ бр.6/12) општините, општините во градот Скопје и градот Скопје се одговорни да водат евиденција и да воспостават Регистар на подземни и надземни инфраструктурни објекти и придржни инсталации секоја за своето подрачје.

Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за природа (11-2166/4 од 18.04.2024)
Во врска со доставената документација за предметното барање, а врз основа на мислењето од Службата за просторен информативен систем при Министерството за животна среди и просторно планирање (допис бр.16-2166/3), констатирано е дека просторот на предметниот плански опфат на проектот не влегува во граници на заштитени подрачја утврдни со закон.
Меѓутоа предметниот плански опфат се наоѓа во границите на УНЕСКО-Светстко природно и културно наследство на Охридскиот регион („Сл.весник на РМ бр.75/10) за кој е донесен План за управување со културно и природно наследство во Охридскиот регион (2019-2028). Управувањето со светското природно и културно наследство во се уредува со Закон за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион („Сл.весник на РМ бр.75/10).
На 42-от состанок на постојниот комитет на Секретрајатот на Бернската конвенција одржан во периодот од 29.11.2022 до 03.12.2022 година во Салзбург донесени се одлуки T – PVS (2022) MISC од 2 Декември 2022 година согласно кој што е побарано од Владата на Република Сверна Македонија, во однос на отворениот случај бр.2017/2, да ги запре сите активности за урбанизација и легализација на бесправно изградените објекти (вклучувајки ги административните процедури кои се однесуваат на просторите на Охридското Езеро, Националниот Парк Галичица и локалитетите кои се дел од Националниот Емералд Мрежа на подрачја од посебен интерес за зачувување (ASCI – Areas of Special Conservation Interest).
Според заклучоците од 63-та Седница на Владата на Република Сверна Македонија, Министерството за животна средина и просторно планирање формира работна група за следење и имплементација на препораките од Бернската конвенција (решение бр.12-6535/1 од 31.08.2022) во којшто како номиниран претставник од општина Охрид партиципира Г- га Јасминка Трајковска Момировска, Советник во секторот за животна средина и управување со отпад.
Земајки го во предвид горенаведеното, Ве известуваме дека треба да се постапи во согласност со препораките бр.211/21 и со препораките од 43-от состанок на Постојниот Комитет на Скретрајатот на Бернската Конвенција кој што се одржа во периодот од 28 Ноември до 01 Декември 2023 година. На Владата на Република Сверна Македонија во врска со Планот за управување со природното и културно наследство на Охридскиот регион (УНЕСКО 2020-2029) се препорачува да ги:
А) комплетира и ажурира просторни и урбанистички плански документи за се осигура дека во сите идни градби во Охридскиот регион се усогласени со извонредната универзална вредност, вклучително и оние за кој веќе се издадени нематеријализирани градежни дозволи и други поврзани дозволи.

Б) да се воспостави ефикасен мораториум за сите градби освен за основните потреби како што се инфраструктурата за отпадни води и службите за итните случаи додека Препораките 3, 4а и 12 не бидат соодветно завршени.
Истовремено согласно Извадок од Нацрт-записникот од единаесетата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 19.03.2024 а во врска со точка 28 Информација за учество на 43-от состанок на Постојаниот Комитет на Бернска конвенција (27.11.2023-01.12.2023) Стразбург, Франција, Владата ја усвои истата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врс(ки, Министерството за економија, Министерството за култура и Министерството за надворешни работи да постапуваат согласно препораките бр.211(2023) на Бернската конвенција.
2. Се препорачува општините Охрид, Струга, Дебарца, Ресен и Мавро-Ростуше, Јавната установа Национален парк Маврово - Маврови Анови, Јавната установа Национален парк Галичица-Охрид и Јавна научна установа Хидробиолошки завод Охрид да постапуваат согласно препораките бр.211(2023) на Бернска конвенција.
3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ја информира Владата за прогресот на активностите од страна на институциите согласно препораките бр.211 (2023) на Бернска конвенција, најдоцна до 31.03.2025 година.

Во таа насока Ве известуваме дека за предметното барање, заради спроведување на препораките на Бернската конвенција на локално ниво, потребно е да се почитуваат препораките бр.211 (2023) на Бернската конвенција.
Изготвеното стручно мислење ви се доставува на ваша понатамошна надлежност согласно член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 124/15, 129/15, 217/15 31/16, 190/17, и Сл.весник на РСМ бр.174/21).

Проектниот опфат е во граница на Измена и дополна на ГУП Струга 2007-2017 (одлука бр.07-643/7 од 05.04.2007)
Проектниот опфат се граничи со:
1. Измена и дополнување на ДУП за УЕ 11 Блок 2 опфат 3,4 и 5 - општина Струга
Одлука бр.08-947/10 од 15.03.2022
2. ДУП УЕ 1
Струга Одлука бр.02-7366/1 од 11.12.1978

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ


3.1 Дејности и активности кои се одвиваат во градбите во проектниот опфат со нумерички показатели на урбанистичките параметри за секоја градба поединечно


Урбанистички проект за инфраструктура се изработува за разработување архитектонските елементи на партерот и надземните делови од инфраструктурата, градежните и сообраќајните елементи на улицата или сообраќајницата, и градежно-техничките елементи.


Согласно Измена и дополна на ГУП на град Струга – 2007-2017) одлука бр.07-643/7 од 05.04.2007 предвидено е вкрстување на Магистрална улица „М1“ и Собирна улица „С2“ со површинска Т крсотсница со помошни острова за леви и десни вртења.
Планираниот профил на Магистрална улица „М1“ е 30м:
- 4 коловозни ленти по 3.5м
- 1 разделно зеленило 4м
- 2 велосипедски патеки по 2м
- 2 зелени појаси 1.5м
- 2 тротоари по 2.5м

Планираниот профил на Собирна улица „С2“ е 22м:
- 4 коловозни ленти по 3.5м
- 1 велосипедски патеки по 2м
- 2 тротоари по 3м

Планираниот профил на Сервисна улица „Се2“ е 12м:
- 2 коловозни ленти по 3.5м
- 2 тротоари по 2.5м








Согласно изработената Ажурирана геодетска подлога и увидот во постојната состојба Магистралната улица „М1“ е со профил од 7м коловоз и променлива ширини на торотоар, а Собирната улица „С2“ и Сервисната улица „Се2“ не се реализирана.
Се планирана воведување на кружна крстосница од времен карактер која ќе се вклопи во постојната состојба а со цел овозможување на трасирање на собирната улица „С2“ во дел од нејзиниот профил и уредување на крстосницата со поголемо ниво на безбедност и проточност на сообраќајот.
Ваквото решение се предвидува се до реализиација на полните улични профили по Измена и дополна на ГУП на град Струга – 2007-2017) одлука бр.07-643/7 од 05.04.2007, а истото ги задоволува тековните потреби на корисниците и може да се реализира без поголеми проблеми од имотно-правен карактер.
Сегашниот профил на Магистралната улица „М1“ со две коловозни ленти нуди задоволтиелно ниво на сообраќајна услуга согласно постоечкиот проток и интензитет на моторен и пешачки сообраќај.
Со Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица „М1“ (дел од М4) и собирна улица „С2“ согласно Измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) - општина Струга се планира:


<u>Магистрална улица „М1“ со профил 12.3м</u>
- 2 коловозни ленти по 3.75м
- 2 тротоари по 2.4м


<u>Собирна улица „С2“ со профил 10м</u>
- 2 коловозни ленти по 3.5м
- 2 тротоари по 1.5м

<u>Сервисна улица „Се2“ со профил 10м</u>
- 2 коловозни ленти по 3.5м
- 2 тротоари по 1.5м

<u>Кружна крсосница со профил</u>
Внатрешен радиус 11м
Надворешен радиус 20.5м
Помошни разделни острова за десни и леви вртења







Планираното решение е под максималните параметри согласно ГУП и се вклопува во регулацијата од ГУП, истото не претавува пречка за реализација на ГУП-от сегментарно или целосно во зависност од понатамошниот развој на градот и потребите на корисниците на просторот.

При изработка на Урбанистичкиот проект ќе се почитуваат параметри за намената на земјиштето и планираните и постојните инфраструктурни водови.

Урбанистички параметри на ниво на проектен опфат (УП)

Намена на градба	Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури
Површина на проектен опфат	13 468м^2
Површина на инфраструктурна градба	13 468м^2
Вкупно развиена површина	13 468м^2
Коефициент на искористеност	1.00
Процент на изграденост	100%

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ		
1	ПРОЕКТЕН ОПФАТ	13 468м²
2	Е1.1 – СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ	13 468м²
4	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА	13 468м²
5	ВКУПНО ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА	13 468м²
6	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ	100%
7	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	1.00

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДБИТЕ ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ			
Намена на градба	Комплементарна намена	Површина под градба (m²)	Градежна површина по етажи (m²)
Е1.1 – СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ	Д2 - ЗАШТИТНО И СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО	13 468	13 468
ВКУПНО		**13 468**	**13 468**

3.2 Внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување на потребен број на паркинг места

Сообраќајно решение

Магистрална улица „М1“ со профил 12.3м
- 2 коловозни ленти по 3.75м
- 2 тротоари по 2.4м

Собирна улица „С2“ со профил 10м
- 2 коловозни ленти по 3.5м
- 2 тротоари по 1.5м

Сервисна улица „Се2“ со профил 10м
- 2 коловозни ленти по 3.5м
- 2 тротоари по 1.5м

Кружна крсосница со профил
Внатрешен радиус 11м
Надворешен радиус 20.5м
Помошни разделни острова за десни и леви вртења

Паркирање

Согласно намената на просторот не се предвидува паркирање

Нивелациско решение

Се почитува постојната состојба и согласно тоа се проектирани наклони на планираните собраќаници од 0.22% до 1.20%.

3.3 Партерно решение со хортикултура

Во рамките на проектниот опфат се планира уредување на зелените површини со ниско и високо зеленило кое нема да го попречува безбедното одвивање на сообраќајот.

3.4 Водови и инсталации на инфраструктурите

Хидротехничка инфраструктура

Водоводна мрежа

Се почитува планираната водоводна мрежа по ГУП со профил од Ф300 и Ф100 и иста е вклопена во планираното урбанистичко решение.

Фекална канализација

Се почитува планираната фекална канализација по ГУП со профил од Ф600 и Ф400 и иста е вклопена во планираното урбанистичко решение.

Атмосферска канализација

Атомосферската канализација ќе се планира со друга проектна документација и истата треба да биде вклопена во нивелацискиот план дефиниран со овој урбанистички проект.

Електро-енергетска инфраструкрура

Се задржуваат постојните електро-енергетски водови во рамките на проектниот опфат и за истите се предвидени заштитни коридори, се почитува планираната електро-енергетска инфраструктура согласно ГУП.

Телекомуникациска инфраструкрура

Се задржуваат постојните телекомуникациски водови во рамките на проектниот опфат и за истите се предвидени заштитни коридори.

4. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

Урбанистичкиот проект е изработен согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20 и 111/23), и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).
Деталните услови за проектирање и градење важат за целиот проектен опфат предмет на овој урбанистички проект.

Граница на проектен опфат на урбанистички проект
Полигон на урбанистички проект што комплетно припаѓа во границата на плански опфат на урбанистички план.

Границата на градежна парцела
Регулаторна линија со симетрично правно дејство и просторни последици: од двете страни на вертикалната површина по која се протега просторната граница на регулацијата се наоѓа земјиште за поединечна градба чиишто носители на правото на градба имаат по правило исти и меѓусебе симетрични права што треба да гарантираат колку што може порамноправен и хармонизиран планерски третман на соседните градежни парцели.

Површина за градење
Претставува дел од проектниот опфат ограничен со партерна градежна линија во која е дозволено градење на сите елементи на планираната инфраструктурна градба.

Партерна градежна линија
Партерна градежна линија се употребува за означување на денивелации по правило на земјиштето за општа употреба на кое се планирани сообраќајни инфраструктури, улици и јавни пешачки површини, како што се денивелации помеѓу коловоз и тротоар и други елементи на сообраќајната инфраструктура, јавни скали, рампи, регулации на реки, кејови и сл.

Намена на земјиштето
Начинот на употреба на земјиштето и на градбите согласно дејностите и активностите што се вршат и одвиваат во нив, на површина на земјиштето, под и над површината на земјиштето, што клучно влијае на начинот на уредувањето на земјиштето, изградбата на градбите, како и на просторот потребен за нивното одвивање и функционирање.
Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури

Комплементарна намена
Означува дејност или активност која се врши на ист простор како дополнување, функционално комплетирање и остварување на основната намена на градбата од друга примарна дејност или активност и служи за поквалитетно одвивање на основната намена без да го менува нејзиниот карактер и во одредени случаи го овозможува остварувањето и употребата на основната намена
Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило

Процент на изграденост на земјиштето
Урбанистичка величина која ја покажува густината на планирана изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со површини за градење.

Коефициент на искористеност на земјиштето
Однос помеѓу вкупно планираната површина по катови, односно збирот на површините на сите планирани надземни катови и вкупната површина на градежното земјиште во пресметковната просторна единица, изразен со рационален број до две децимали.

Напомена: Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).
Проектниот опфат се наоѓа во границите на природното и културно насдлество на Охридскиот регион заштитен од УНЕСКО. Поради тоа при планирање и проектирање потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020-2029), како и меѓународните и домашните прописи.

Вид и начин на употреба на планската единица: проектен опфат наменет за инфраструктурна градба
Намена на земјиштето и градбите:
Основна класа на намена
Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури

Урбани параметри

Површина на проектен опфат	13 468м²
Површина за градба	13 468м²
Вкупно развиена површина	13 468м²
Коефициент на искористеност	1,00
Процент на изграденост	100%

Сообраќај:
Магистрална улица „М1“ со профил 12.3м
- 2 коловозни ленти по 3.75м
- 2 тротоари по 2.4м

Собирна улица „С2“ со профил 10м
- 2 коловозни ленти по 3.5м
- 2 тротоари по 1.5м

Сервисна улица „Се2“ со профил 10м
- 2 коловозни ленти по 3.5м
- 2 тротоари по 1.5м

Кружна крсосница со профил
Внатрешен радиус 11м
Надворешен радиус 20.5м
Помошни разделни острова за десни и леви вртења

Паркирање: не се предвидува паркирање согласно намената на просторот
Режим на градење под земја: Дозволено е градење во граница на проектниот опфат за потребите на планираната инфраструктура и останатите инфраструктурни водови.
Мерки за заштита: Согласно намената на просторот не се предвидуваат посебни мерки за заштита.

5.МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Врз основа на загрозеност на проектниот опфат на Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица „М1“ (дел од М4) и собирна улица „С2“ согласно Измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) - општина Струга, од природни катастрофи и елементарни непогоди може да настане повредливост на просторот и неговите физички структури. Повредливост на просторот се одразува на градбите и нивната околина. При градба треба да се заштити животната средина како и природното и културно наследство.

5.1 Животната средина

Основна намена на просторот во граници на проектниот опфат е Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури.

Водата, почвата и воздухот се едни од најчуствителните и најдолгомемориираните медиуми кој го паметат загадувањето и го рефлектираат во долг временски период во околината поради што треба најригорозно да се почитуваат и заштитат.

При планирање потребно е да се овозможат услови за заштита на почвата, водата, воздухот и да се обезбеди заштита од бучавата.

Загадување на почвата и подземните води и мерки за заштита

Аерозагадување и мерки за заштита

Не постои дополнително аерозагадување освен од употребата на моторни возила за потребните на корисниците.

За елиминирање на нивното штетно дејство се планира покрај сообраќајниците да се посади антисептичко листопаднио зеленило.

Извори на бучава и мерки на заштита

Извор на бучава во граници на проектниот опфат ќе преставуваат моторните возила за чие намалување ќе придонесат листопадни насади во зелените површини.

Заштита од техничко-технолошки катастрофи и радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Согласно со намената на просторот неможе да настанат техничко-технолошки катастрофи.

Случајни инциденти може да се идентификуваат како инциденти со оштетувања на инфраструктурните водови во случај на интервенција или механички оштетувања. Овие инциденти немаат битно влијание врз околината, бидејќи можна е брза реакција и запирање преку сигурносни системи.

Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од техничко - технолошки катастрофи е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина.

Притоа основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот се:

- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;
- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;

- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;
- вградување на мерките на кои се засновува организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;
- интегрирање на елементите на загрозеноста во рамките на стопанскиот објект на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокатa животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки:

1. Прво ниво: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење и одбегнување на технолошки катастрофи.
2. Второ ниво: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на последица од пожар.
3. Трето ниво: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од последици од пожар и експлозии.

Радиолошката, хемиска и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добиток и растенија, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за одстранување на последиците од нив. Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехрамбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на деца, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандарди и процедури за радиолошка, хемиска и биолошка заштита. Надлежните субјекти потребно е да преземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:

- РХБ извидување на територија
- дозиметријска контрола
- детекција на РХБ агенси присатни на одредено подрачје
- лабораторисско испитување на видот, концетрација, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите

Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за води (11-1827/2 од 05.04.2024),Ве известуваме дека планскиот опфат зафаќа површински водотек, кој поминува низ КП 2834/2 и КП 2834/1 КО Струга кој во Агенција за катастар на недвижности се заведени под култура „река“.

Од тие причини, согласно Законот за Води (Сл.весник на РМ бр.87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и 151/21) при изработка на урбанистичка проектна документација потребно е да се запазат и да се вградат во текстуалниот дел од проектот, во делот Мерки за заштита следниве критериуми за заштита, одржување и уредување на површински води и крајбрежни земјишта:

4. Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, забрането е, освен со дозвола или согласност, изградба на постројки и објекти во заштитниот крајбрежен појас во широчина од 50м зад линијата на допирање на педест годишната вода кај нерегулирани водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулирани водотеци, а во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определува советот на општините и советот на градот Скопје на предлог на градоначлникот на општината, по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работи од областа на животната средина.
5. Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, езерата и акумулациите се забранува, освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон:

- да се менува правецот на водотекот
- да се врши градба или зафат кој би имал негативно влијание врз протокот на водотекот
- да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите
- да се сечат дрвја, грмушки и друга вегетација во речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите
- да се вади чакал, песок и камен од коритата и бреговите на површинските водни тела за да недојде до влошување на постојаниот режим на водите и се предизвикуваат процеси на ерозија или оневозможува користење на водите
- да се изгради брана, насип или слична препрека која би имала негативно влијание на протокот на водотекот;
- да се фрла отпаден материјал (комунален, индустриски и др.), земја, градежен шут, јаловина и слично
- да се вршат други активности со кои се оштетуваат речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите.

6. Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува

- да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се згразува стабилноста на обрамбените насипи
- да се копа земја, да се седат дрвја и грмушки, забиваат колци или да се подигаат огради доколку не се составен дел на системот за одбрана од поплави
- да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади и да се изведуваат активности кои би можеле да го загрозат наменското користење на водостопанските објекти и постројки
- да се копаат и дупчат бунари на растојание помало од 20м од ножицата на обрамбените насипи

- да се копаат прокопи и паралелни канали по должината на насипот, поблиски од 10м од внатрешната и 10м од надворешната страна на ножицата на насипот
- во појасот на обрамбениот насип и други заштитни водостопански објекти и постројки да се сечат дрвја, врбјаци и грмушки што се составен дел на заштитата, обрамбените работи и мерки, ако тоа е определено со планот за одржување на заштитните објекти и постројки
- да се врши сообраќај долж или преку водостопанските објекти и постројки освен на определени места за тоа (природни рамки)
- да се вади песок, чакал, камен и друго од заштитените водостопански објекти и постројки ако тоа не е предвидено со планот за нивно одржување
- да се вршат и други работи кои би можеле да ја загрозат стабилноста на обрамбените насипи или се оштетуваат водостопанските објекти и постројки.

4. Изведувањето на водостопанските објекти и постројки, да се врши во согласност сонприфатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно – техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците.

5. Да се спроведат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции.

6. Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, езерата и акумулациите за спорт, рекреација и слични активности е слободен.

7. Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од населени и индустирски места. Квалитетот на испуштената вода во водотекот треба да биде во согласност со Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води и Уредбата за класификација на водите (Сл.весник на РМ бр.18/99).

Согласно Законот за води Министерството за животна средина и просторно планирање издава Водостопанска согласност, заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти коишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои што се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите.

Со оглед на тоа дека во близина на планскиот опфат поминува и хидросистем од водостопански објекти за уредување на режимот на користење на водите потребно е да се обратите до АД Водостопанство на РСМ како надлежен правен субјект кој управува и стопанисува со овие објекти за одредени мерки и услови кои треба да бидат задоволени при изработка на проектна документација.

Министерството за животна средина и просторно планирање не може да се произнесе по однос на местоположбата на постоечките или планирани водоводни и канализациони инсталации на планираниот опфат, затоа што не располага со таков вид на податоци и не управува со истите. Според одредбите од Законот за регистрација на подземни и надземни инфраструктурни објекти и придружни инсталации (Сл.Весник на РМ бр.6/12) општините, општините во градот Скопје и градот Скопје се одговорни да водат евиденција и да воспостават Регистар на подземни и надземни инфраструктурни објекти и придржни инсталации секоја за своето подрачје.

Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за природа (11-2166/4 од 18.04.2024)

Во врска со доставената документација за предметното барање, а врз основа на мислењето од Службата за просторен информативен систем при Министерството за животна среди и просторно планирање (допис бр.16-2166/3), констатирано е дека просторот на предметниот плански опфат на проектот не влегува во граници на заштитени подрачја утврдни со закон.

Меѓутоа предметниот плански опфат се наоѓа во границите на УНЕСКО-Светстко природно и културно наследство на Охридскиот регион („Сл.весник на РМ бр.75/10) за кој е донесен План за управување со културно и природно наследство во Охридскиот регион (2019-2028). Управувањето со светското природно и културно наследство во се уредува со Закон за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион („Сл.весник на РМ бр.75/10).

На 42-от состанок на постојниот комитет на Секретрајатот на Бернската конвенција одржан во периодот од 29.11.2022 до 03.12.2022 година во Салзбург донесени се одлуки T – PVS (2022) MISC од 2 Декември 2022 година согласно кој што е побарано од Владата на Република Сверна Македонија, во однос на отворениот случај бр.2017/2, да ги запре сите активности за урбанизација и легализација на бесправно изградените објекти (вклучувајки ги административните процедури кои се однесуваат на просторите на Охридското Езеро, Националниот Парк Галичица и локалитетите кои се дел од Националниот Емералд Мрежа на подрачја од посебен интерес за зачувување (ASCI – Areas of Special Conservation Interest).

Според заклучоците од 63-та Седница на Владата на Република Сверна Македонија, Министерството за животна средина и просторно планирање формира работна група за следење и имплементација на препораките од Бернската конвенција (решение бр.12-6535/1 од 31.08.2022) во којшто како номиниран претставник од општина Охрид партиципира Г- га Јасминка Трајковска Момировска, Советник во секторот за животна средина и управување со отпад.

Земајки го во предвид горенаведеното, Ве известуваме дека треба да се постапи во согласност со препораките бр.211/21 и со препораките од 43-от состанок на Постојниот Комитет на Скретрајатот на Бернската Конвенција кој што се одржа во периодот од 28 Ноември до 01 Декември 2023 година. На Владата на Република Сверна Македонија во врска со Планот за управување со природното и културно наследство на Охридскиот регион (УНЕСКО 2020-2029) се препорачува да ги:

А) комплетира и ажурира просторни и урбанистички плански документи за се осигура дека во сите идни градби во Охридскиот регион се усогласени со извонредната универзална вредност, вклучително и оние за кој веќе се издадени нематеријализирани градежни дозволи и други поврзани дозволи

Б) да се воспостави ефикасен мораториум за сите градби освен за основните потреби како што се инфраструктурата за отпадни води и службите за итните случаи додека Препораките 3, 4а и 12 не бидат соодветно завршени.

Истовремено согласно Извадок од Нацрт-записникот од единаесетата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 19.03.2024 а во врска со точка 28 Информација за учество на 43-от состанок на Постојаниот Комитет на Бернска конвенција (27.11.2023-01.12.2023) Стразбург, Франција, Владата ја усвои истата со следните заклучоци:

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врс(ки, Министерството за економија,

Министерството за култура и Министерството за надворешни работи да постапуваат согласно препораките бр.211(2023) на Бернската конвенција.

5. Се препорачува општините Охрид, Струга, Дебарца, Ресен и Мавро-Ростуше, Јавната установа Национален парк Маврово - Маврови Анови, Јавната установа Национален парк Галичица-Охрид и Јавна научна установа Хидробиолошки завод Охрид да постапуваат согласно препораките бр.211(2023) на Бернска конвенција.
6. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ја информира Владата за прогресот на активностите од страна на институциите согласно препораките бр.211 (2023) на Бернска конвенција, најдоцна до 31.03.2025 година.

Во таа насока Ве известуваме дека за предметното барање, заради спроведување на препораките на Бернската конвенција на локално ниво, потребно е да се почитуваат препораките бр.211 (2023) на Бернската конвенција.

Изготвеното стручно мислење ви се доставува на ваша понатамошна надлежност согласно член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 124/15, 129/15, 217/15 31/16, 190/17, и Сл.весник на РСМ бр.174/21).

5.2 Заштита и спасување

Повредливост од пожар

Во случај на пожар до локацијата со противпожарни возила ќе се пристапи од планираните улица „М1“ и „С2“.

Заштита и спасување од пожари, екплозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормален, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер. Заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите средини, објекти и места со превентивни и оперативни мерки. Превентивни мерки за заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни матери, се активности кои се планираат и спроведуваат со просторно и урбанистичко планирање и со примена на технички нормативи при проктирање и изградба на објектите. Оперативни мерки за заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи, се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при одстранување на последиците предизвикани од пожари, експлозии и опасни материи.

Планирањето и изработка на техничка документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување спасување (Службен весник на РМ, бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11,93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18),Законот за пожарникарство(Сл. весник на РМ бр. 67/04, 81/07, 55/13) и Правилник за мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник 231/20).

Сообраќајниот систем во локалитетот треба да овозможува лесен пристап на пожарни возила до објекти од сите страни. При конципирање на сообраќајот да се планира непречено движење на пожарни возила. Сообраќајниците да се така планирани да овозможуваат непречен пристап на пожарни возила до објектите и да се со доволна широчина (3,5м за еднонасочен сообраќај, односно 5,5м за двонасочен сообраќај), за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичниците на пристапниот пат треба да бидат со височина не поголема од 7см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот, а коловозна конструкција на пристапот да се димензионира на осовниски притисок од најмалку осум тони.

Ако пристапниот пат поминува низ пропусти, надвозници и др. отвори, минимална димензијана светлиот отвор на проодот се: 3,5м широчина и 4,5м височина. Ако пристапниот пат поминува низ пропусти, надвозници и др. Отвори кои се наоѓат во кривина, минимална димензија на светлиот отвор на проодот се: 4,0м широчина и 4,5м височина.

Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни
објекти и уреди со кои вода од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила. За надворешна хидрантска мрежа да се предвиди прстенест систем на цевоводи, со минимален пречник Ф100мм. На хидрантска водоводна мрежа со минимален пречник од Ф100мм да се постават противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку Ф80мм. Растојание меѓу надворешни хидранти се определува во зависност од намената, од големината и од слични карактеристики на објектот, со тоа што пожарот на секој објект ќе може да се гаси со најмалку два надворешни хидранта. Дозволеното растојание меѓу два хидранта изнесува најмногу 80м. Во населени места во кои се наоѓат претежно станбени објекти, растојанието меѓу надворешни хидранти изнесува најмногу 150м.

Природни катастрофи

При планирање на просторот мора да се почитуваат природните сили: земјотрес, поплави, силни ветрови, снег, наноси, лавини, лизгање, одронување на терен и други природни сили кој можат да влијаат на безбедноста на просторот. За заштита од природните непогоди се преземаат низа мерки за нивно спречување при изработка на планската документација на планираните објекти и димензионирање на објектите од аспект:

Сеизмички ризик

Според инженерско - геолошките услови теренот, според стабилноста, е категоризиран како претежно нестабилен каде се можни појави на сите деформации во природни услови, или при делувањето на човекот. Регионот во кој се протега проектниот опфат е сеизмично подрачје. Овие услови налагаат потреба од строго почитување на условите за асеизмичка градба на објектите и инфраструктурата.

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Заштита и спасување од урнатини

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите. Во урбанистичкиотте решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичко проектирање, со висини на објекти при чие рушење (H/3 од висина на објектот) не би се загрозил коловозот на околните сообраќајници со што би се оневозможил проток на моторни возила неопходен за помош и евакуација. Градбата од градежната парцела е одалечена повеќе од ½ од висината на објектот.

Заштита од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објектите согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Заштита и спасување од поплави
При изработка на Планска документација да се предвидат и пропишат мерки за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди согласно Законот за заштита и спасување спасување (Службен весник на РМ, бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11,93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18).

Метеоролошки ризик
Се манифестираат како врнежи, град, луњи, ветрови и магли.
Како посебна мерка за заштита од силни ветрови е изборот на вегетацијата во градежната парцела.

Заштита и спасување од свлекување на земјиштето
Ако се утврди дека има свлекување на земјиште нетреба да се гради во тој дел, бидејќи безбедноста на луѓето и објектите се на прво место а и поскапувањето на инвестицијата нема оправдување за ваков вид на градба.

Воени разурнувања
Согласно со член 53 од Законот заштита и спасување треба да се применуваат мерки за заштита и спасување. Тоа опфаќа пред се изградба на објекти отпорни на сеизмички дејствија, регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти за заштита и изградба на потребната инфраструктура. За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, задолжително треба да се обезбедат средства за лична и колективна заштита,засолништа, материјално-технички средства потребни за

спроведување на мерките за заштита и спасување, обука за примена на средствата за заштита и спасување во, за тоа предвидените центри во согласност со: Законот за одбрана (Службен весник на РМ, бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 185/11 и 215/15), Законот заштита и спасување (Службен весник на РМ, бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18),Законот за управување со кризи (Службен весник на РМ, бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18).

Прва медицинска помош
Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандарди и прирачни средства на местото на повредување – заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи. Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош за овој проектен опфат во реонот на амбуланта и поликлиника би изнесувал од 10 до 15 мин.

Заштита при работа
Влијанија поврзани со работната сила се идентификувани како влијанија врз здравјето и безбедноста на работниците. Во процес на производство тоа се несреќи на работно место.

Со цел да се минимизираат негативните влијанија врз работната сила ќе се преземат следните мерки за заштита:

- користење на современа опрема што ќе обезбеди сигурност и безбедност на работниците.
- ангажирање на квалификувани работници, како и нивна дополнителна обука.

4.3 Мерки за обезбедување на пристапност за лица со инвалидитет

Во третманот на колските површини, пешачките површини, постојната урбана опрема и влезови во градбите, да се исполнат условите за движење на лица со инвалидитет.

4.4 Заштита на природно наследство и културно историско наследство

Проектниот опфат се наоѓа во границите на природното и културно насдлество на Охридскиот регион заштитен од УНЕСКО. Поради тоа при планирање и проектирање потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020-2029), како и меѓународните и домашните прописи.

Според добиени податоци и информации од Управа за заштита на културно наследство – Министерство за култура на РСМ (бр.08-2873/2 од 03.10.2023) во граници на проектниот опфат нема заштитени добра ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културно наследство(Сл. Весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

ПРИЛОЗИ КОН ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. **Податоци и информации од јавни институции**
2. **Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога**
3. **Извод од ГУП**
4. **Изводи од урбанистичко планска документација**
5. **Сообраќаен проект**
6. **Мислења од јавни институции**

ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ

АД ЕЛЕКТРАНИ НАСЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16, Р.Северна Македонија

Бр: 08-5952/2
Скопје, 04 -10- 2023

До: **ПРОЕКТ БИРО увоз-извоз ДОО-Охрид**
ул. „Ѓорче Петров" бр. 4/1
6000 Охрид

Предмет: Одговор на барање

Почитувани,

Согласно Вашиот допис од 22.09.2023 година, (број на предмет **55729** во Е-Урбанизам), а во врска со постапката за изработување на Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица „М1" (дел од М4) и собирна улица „С2" согласно Измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) - Општина Струга, Во прилог Ви го доставуваме одговорот од Подружница ХЕС „ЦРН ДРИМ" - Струга.

Прилог:
- Допис со бр. 08-961/2 од 02.10.2023 година од Подружница ХЕС „ЦРН ДРИМ"

Изработил: Маја Ангеловска, Марија Д. Кузмановска, Тања Спировска
Одобрил: Звонко Кушоски, Влатко Павлески

ПОМОШНИК ДИРЕКТОР ЗА ИНВЕСТИЦИИ
Елена Трпеска Богдановски

Ко:
- Архива
- Сектор за развој и инвестиции

АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
Подружница ХЕС „ЦРН ДРИМ" - Струга
Плоштад на револуција бб, 6330 Струга, п.фах 83, Р. Северна Македонија

Бр: 08-961/2
Струга, 02.10.2023

До: **АД ЕСМ -** Сектор за развој и инвестиции
"11 октомври" 9
1000 Скопје

Предмет: **Информација по Барање за достава на податоци**

Почитувани,

Во врска со Барањето бр. 08-5992/1 од 28.09.2023 година за разгледување на приложената документација и давање мислење по Барањето доставено од страна на Друштво за проектирање, инженеринг, градежништво, трговија и услуги ПРОЕКТ БИРО увоз-извоз ДОО Скопје, (број на предмет 55729 во Е-урбанизам), согласно допис од 22.09.2023 година, а во врска со постапката за изработување на Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица „М1" (дел од М4) и собирна улица „С2" согласно Измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) - Општина Струга, Ве известуваме дека по извршеното разгледување на документацијата констатирано е следното:

За конкретниот проектен опфат **не располагаме** со податоци и информации поврзани со надлежност на АД ЕСМ за постојни и планирани инсталациски водови и објекти сопственост на АД ЕСМ и други податоци и информации кои се во судир со надлежностите во тој дел.

Сепак, при планирањето и изградбата треба да се води сметка, согласно позитивните законски прописи, дека според **водостопанската дозвола** (чиј носител е АД ЕСМ - Скопје) УП1бр.11-21/16 од 25.09.2017 год. користењето на водата од Охридско Езеро е дефинирано во границите од минимална кота 693.10 мнв до максимална кота 693.75 мнв. Во исклучителни случаи при појава на големи води котата на Охридско Езеро може да биде 694.00 мнв. АД ЕСМ **се оградува** од евентуалното штетно дејство на водата при реализација на планираната градба или во текот на експлоатација на истата.

Изработил: Љубе Ѓорески, Гордана Фармакоска,
Контролирал: Митко Несторoски
Одобрил: м-р Славко Милевски

ХЕС ЦРН ДРИМ - СТРУГА
Директор
Сашо Коркут, дипл.екк

Ко:
- Архива

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

До

ПРОЕКТ БИРО
ул. Ѓорче Птеров 4/1 Охрид

Бр.11-5705/1

29.09.2023

Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти

Врз основа на Вашето барање број на постапка на Е-урбанизам 55729 од 22.09 2023 година, (наш број 11-5705 од 25.09.2023 година) за податоци и информации потребни за изработка **на "Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица „М1" (дел од М4) и собирна улица „С2" согласно Измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) - Општина Струга"**, Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ Објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Ангела Георгиевска

Проверил: Јасмина Ставрова

Eli Popovska

Digitally signed by Eli Popovska
Date: 2023.09.29 13:55:30 +02'00'

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС и геодетски работи

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-25/7-336 од 22.09.2023
Скопје

Одговорно лице: Драган Николоски

Контакт телефон: 02 3205 300 – 41 308

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис од 22.09.2023 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица „М1“ (дел од М4) и собирна улица „С2“ согласно Измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) - Општина Струга, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа
☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☒ 10(20)kV Подземна мрежа
☐ 10(20)kV Надземна мрежа
☐ 0.4kV Подземна мрежа
☐ 0.4kV Надземна мрежа
☐ Друго

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.
НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.
Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија


При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.
Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,

Nikoloski Dragan Digitally signed by Nikoloski Dragan Date: 2023.09.30 22:21:59 +02'00'

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Датум: 25.09.2023



Наш број: 1404-1679/2
Скопје: 02 .10.2023 г.

ДО:
ДООЕЛ ПРОЕКТ БИРО
ул. „Ѓорче Петров" бр. 4/1
6000 Охрид

Предмет: Одговор за барање за податоци за ТК инсталации
Врска: Ваше барање преку е-урбанизам

Почитувани,

Согласно вашето барање за доставување на податоци за изградени електронски комуникациски мрежи потребни за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица „М1" (дел од М4) и собирна улица „С2" согласно Измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) - Општина Струга, према доставената ситуација, ве известуваме дека на посочената локација Агенцијата за електронски комуникации нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

Со почит,
Сектор за телекомуникации

С. Јовевска

Изработил: С. Јовевска
Раководител на сектор: Борис Арсов

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ СКОПЈЕ

АЕК-401.03

www.aek.mk
ул.Кеј Димитар Влахов 21
1000 Скопје
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 55729
Дата: 27.09.2023

До
Проект Биро увоз-извоз ДООЕЛ-Охрид
Ул. Ѓорче Петров 4/1, 6000 Охрид

Ваше упатување Барање на податоци и информации

Наше контакт лице Перо Ѓорѓески, Елизабета Манева

Телефон +389 70 200 736; +389 70 200 571

Во врска со Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица „М1“ (дел од М4) и собирна улица „С2“ согласно Измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) - Општина Струга, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат има постојна МКТ инфраструктура аплицирана на графичкиот прилог.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Прилог: Информации во електронска форма прикачени во постапката.

Со почит,

Македонски Телеком АД Скопје

По овластување на

Директор на сектор за DEVOPS активности
на оптика и мрежи од следна генерација

Дејан Влаховиќ

NIKOLChE TASEVSKI
Digitally signed by NIKOLChE TASEVSKI
Date: 2023.09.27 09:15:07 +02'00'

Бр/Nr. 10-9280/2

27 -09- 2023

Скопје/Shkup_____година/viti

ДО ПРОЕКТ БИРО дооел
ул. „Ѓорче Петров“ бр.4/1
6000 Охрид

Предмет:Податоци и информации

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број (нема) од 22.09.2023год. за добивање податоци и информации за постоечки и планирани објекти и инсталации потребни за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу магистрална улица „М1„ (дел од М-4) и собирна улица „С2“ согласно Измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017)-Општина Струга, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, го разгледа пристигнатиот прилог, заверен со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-9280/1 од 25.09.2023 година:

- Проектен опфат и ажурирана геодетска подлога.

Од доствениот и разгледан прилог констатирано е дека низ приложениот проектен опфат поминува транзитен дел од магистралниот пат А2 (М-4), за кој во плановите на Јавното претпријатие за државни патишта не е предвидено проширување ниту менување на сегашната траса.

Со почит,

Директор
Ejup Rustemi

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE Скопје - Shkup

Изработил: Драгица Гашпарова
Контролирал: Кирил Каркалашев
Одобрил: d-r Ejup Latifi

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

До: **ПРОЕКТ БИРО ДОО Охрид**

бр. 12-8/1299

Скопје, 25.09.2023 година

Предмет: Доставување на податоци и информации

Врска: Ваш бр. / од 22.09.2023 година
e-urbanizam, постапка бр. 55729

Почитувани,

Врз основа на вашето барање, а согласно Законот за урбанистичко планирање, ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација за изработка на

Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица „М1“ (дел од М4) и собирна улица „С2“ согласно Измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) - Општина Струга

при што утврдија дека во предметниот опфат нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилното воздухопловство, а градбите во планскиот опфат не претставуваат препрека и нема да влијаат на безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај, поради што истиот **може да се планира без посебни услови и ограничувања** од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

изработил: Х.Караџенеми

Билјана Јованова
(по овластување од Директорот бр.02-27/2 од 10.01.2023 година)

Biljana Jovanova

Digitally signed by Biljana Jovanova
DN: c=MK, ou=VAT - 4080010516712, 2.5.4.97=NTRMK-6648649, o=Agencija za civilno vozduhoplovstvo, serialNumber=208884, title=Rakovoditel na oddelenie za areodromska infrastruktura, sn=Jovanova, givenName=Biljana, cn=Biljana Jovanova
Date: 2023.09.25 09:24:13 +02'00'

Влада на Република Северна Македонија
- ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ -
Подрачно одделение Струга

26 Септември 2023 година год.

Архивски број
Бр..09/3-89/2

До
„Проект Биро„ ДОО
Охрид

Предмет:Податоци и информации, доставува,-
Врска: Ваш акт ? од ? г.

Согласно член 32 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, Подрачното одделение за заштита и спасување Струга, информира:

Почитувани,

Ве известуваме дека Дирекцијата за заштита и спасување не располага со податоци за постоечка или планирана инфраструктура на планскиот опфат за изработка на **Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстосувањето помеѓу Магистрална улица „М1„ и собирна улица „С2„согласно измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) Општина Струга.**

Воедно Дирекцијата за заштита и спасување Ви доставува претходни услови за заштита и спасување кои согласно Законот за заштита и спасување - пречистен текст (Сл. весник на РСМ, бр. 93/12), Проценатa на загрозеност на опфатот за кој се однесува деталниот урбанистички план, Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување при планирање на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во технички преглед (Сл. весник на РСМ, бр. 105/05) и други прописи кои ја регулираат оваа област, треба да бидат вградени при изработка на **Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстосувањето помеѓу Магистрална улица „М1„ и собирна улица „С2„согласно измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) Општина Струга.**

Во делот **МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ,** да се опфатат следните мерки:

Дирекција за заштита и спасување
Сектор за превенција, планирање и развој
Одделение за издавање на урбанистичка согласност
ул. „Васко Карангелевски“ бр.8,
1000 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 2433 384
www.dzs.gov.m
dzs@dzs.gov.mkdzs@

1. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.

Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.
Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ

При изработка на **Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстосувањето помеѓу Магистрална улица „М1„ и собирна улица „С2„согласно измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) Општина Струга,** да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосверски непогоди согласно Законот за заштита и спасување (“Службен весник на РМ” бр. 36/04, 49/04 и 86/08),и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

При изработка на **Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстосувањето помеѓу Магистрална улица „М1„ и собирна улица „С2„согласно измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) Општина Струга,** да се предвидат и пропишат мерките за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РСМ бр 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

Дирекција за заштита и спасување
Сектор за превенција, планирање и развој
Одделение за издавање на урбанистичка согласност

ул. „Васко Карангелевски“ бр.8,
1000 Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 2433 341
www.dzs.gov.m
dzs@dzs.gov.mk

4. РХБ ЗАШТИТА

При изработка на **Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстосувањето помеѓу Магистрална улица „М1„ и собирна улица „С2„согласно измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) Општина Струга,** да се предвидат и пропишат мерките за РХБ заштита.

При изработка на **Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстосувањето помеѓу Магистрална улица „М1„ и собирна улица „С2„согласно измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) Општина Струга,** да се предвидат и применат и други мерки за заштита и спасување.

Откако ќе ги разработите и вградите условите за заштита и спасување во **Урбанистичкиот проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстосувањето помеѓу Магистрална улица „М1„ и собирна улица „С2„согласно измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) Општина Струга.** истиот да го доставите до Дирекцијата за заштита и спасување, за да добиете мислење за застапеност на мерките за заштита и спасување.

Подготвил: Зоран Цутески

Zoran Djuteski
Digitally signed by Zoran Djuteski
Date: 2023.09.26 09:52:26 +02'00'

ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
Подрачно одделение за ЗС
Овластен Советник
Зоран Цутески

Доставено до:
- **Насловот**
- **Архива**

Дирекција за заштита и спасување
Сектор за превенција, планирање и развој
Одделение за издавање на урбанистичка согласност
ул. „Васко Карангелевски“ бр.8,
1000 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 2433 341
www.dzs.gov.m
dzs@dzs.gov.mk

Република Северна Македонија
Министерство за култура
УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës
DREJTORIA PËR MBROJTJEN E TRASHËGIMISË KULTURORE

Бр. 17-2873/2
03.10.2023
Скопје

До
„ПРОЕКТ БИРО“ ДОО
ул. „Ѓорче Петров“ бр. 4/1
6000 ОХРИД

Предмет: Доставување податоци
Врска: Ваше писмо од 09.2023 год.

Во врска со вашето барање за добивање податоци за културно наследство за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица „М1“ (дел од М4) и собирна улица „С2“ согласно Измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017), Општина Струга, Управата за заштита на културното наследство ја разгледа доставената и постојната документација и констатира дека во границите на планскиот опфат не постои заштитено добро ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку при реализацијата на проектот се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија” бр.20/04, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11, бр.23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

Напоменуваме дека предметниот простор се наоѓа во границите на природното и културното наследство на Охридскиот регион заштитен од УНЕСКО. Поради тоа при планирање и проектирање потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020-2029), како и меѓународните и домашните прописи.

Со почит,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА - MINISTRIA E KULTURËS
Управа за заштита на културното наследство
Drejtoria e Mbrojtjes së Trashëgimisë Kulturore
СКОПЈЕ - SHKUP

в.д. Директор
м-р Зоран Павлов

Изработил: м-р М. М. Миладиновска
Проверил/Одобрил: м-р. Б. Јовановска

ЕЛБАОРАТ ЗА АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

Geo Survej Xhila

Друштво за геодетски – катастарски услуги и инженеринг
Гео Сурвеј Цила ул. Муртеза Татар бр. 3/4, Струга
geosurveyxhila@gmail.com Тел: 070 464 449

Shoqëri për shërbime gjeodezike – kadastrale dhe inxhinieri
Geo Survej Xhila rr. Murteza Tatar nr. 3/4, Strugë
geosurveyxhila@gmail.com Tel: 070 464 449

деловоден број: 0704-89/3
датум: 05.10.2023 година

ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ

ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ

ЗА АЖУРИРАЊЕ НА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА КО. СТРУГА

Kujtim Djila Digitally signed by Kujtim Djila
Date: 2023.12.29 12:59:42 +01'00'

ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ ОВЛАСТЕН ГЕОДЕТ/
ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ

Заверил: М.П.

Кујтим Цила дипл.геод.инг.

Име, презиме и потпис на овластен геодет

АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Одобрил: М.П.

Име, презиме и потпис на стручно лице од геодетска насока

Содржина

1. ***Технички извештај.***
2. ***Список на координати на измерени детални точки.***
3. ***Скица на споредување и премерување.***
4. ***Имотен Лист.***

ПРИЛОЗИ

- ***Доказ за платен надоместок према АКН***
- ***Издадени податоци од АКН***

Geo Survej Xhila

Друштво за геодетски – катастарски услуги и инженеринг
Гео Сурвеј Џила ул. Муртеза Татар бр. 3/4, Струга
geosurveyxhila@gmail.com Тел: 070 464 449

Shoqëri për shërbime gjeodezike – kadastrale dhe inxhinieri
Geo Survej Xhila rr. Murteza Tatar nr. 3/4, Strugë
geosurveyxhila@gmail.com Tel: 070 464 449

Т Е Х Н И Ч К И И З В Е Ш Т А Ј

Постапувајќи по барањето од Проект Биро под бр.0704-89/2 од 16.08.2023 год , за ажурирање геодетска подлога во К.О.Струга. , овластеното друштво за геодетски работи Гео Сурвеј Џила- Струга спроведе постапка при што изврши увид на лице место, ја констатира следната состојба:

А. Состојба во кат.евиденција за предметниот простор

Од увидот во службената евиденција на Агенцијата за катастар на недвижности - Одделение за катастар на недвижности Струга .

Б. Начин и метода

Снимената парцела на предметниот простор извршено е со поларна метода и тоа со помош на геодетскиот инструмент тотална станица **“СТОНЕКС Р 2”** чија точност изнесува: 2“ .Мерењето е извршено на ден 18.09.2023 год од позната геодетска основа.

Во Струга

Изготви

Geo Survej Xhila

Од постојна состојба овој дел е геометриски преуреден во класична кружна крстосница. Предвидената крстосница е четирикрака класична кружна крстосница Надворешниот радиус, ширината на лентите, кружната возна лента имаат задоволителни ширини.Предвиден е дел од средишниот остров (проширен дел од кружната коловозна лента – возен дел од средишниот остров) кој би го користеле товарните возила за движење, Дијаметарот на средишниот остров би може да се засаде зеленило или поставување на „грбот" на град Струга . Сообраќајната брзина на приодите е ограничена на 40 км/час.

Кружната раскрсница е подобра, првенствено од гледна точка на временските загуби што директно се одразува на нивото на услуга во споредба со ефикасноста на класичната семафоризирана раскрсница

Од гледна точка на сообраќајно – безбедносниот критериум, кај кружната раскрсница намален е бројот на конфликтни точки; исто така, кружната раскрсница го „смирува" сообраќајот.

5.РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ

Режимот на сообраќај на улиците во Општина Струга , врз основа на Сообракаен проект го утврдува Општина Струга во согласност со министерот за внатрешни работи.

Привремените препреки, произлегуваат поради дејствија кои треба да се извршат со цел да се реализира зададената задача.

Режимот на сообраќај за време на воведување на Урбанистички проект за инфраструктурен проект за воведување на кружна крстосница на вкрстување помегу магистралната улица М1 (дел М4) и собирната улица "С2" Струга согласно измена и дополнување на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) Општина Струга,сообраќајната сигнализација и патната опрема. нивната местоположба и типот на сообраќајните знаци дадени се во графичките прилози.

По усвојувањео на Урбанистички проект за инфраструктурен проект за воведување на кружна крстосница , повеке не се потербни ограничувања во сообракајот, така да знаците и опремата кои се однесуваа на таквите ограничувања мораат да се одстранат.По ова се воведува Трајниот режим на сообраќај на улица, врз основа на Сообракајниот проект утврден од Општина Струга во согласност со министерот за внатрешни работи

6. ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈНАТА СИГНАЛИЗАЦИЈА

6.1.ВЕРТИКАЛНА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА

За сообраќајно уредување, за време на реализирање на Урбанистички проект за инфраструктурен проект за воведување на кружна крстосница на вкрстување помегу магистралната улица М1 (дел М4) и собирната улица "С2" Струга согласно измена и дополнување на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) Општина употребена е стандардна големина на сообраќајните знаци:

- Кога знаците се поставуваат за означување на работи на патот, на препреки и оштетувања на коловозот, како дел од времената сигнализација, бојата на основата на знакот е портокалова, а кога се употребуваат како вметнати знаци основата на таблата во која се вметнуваат е портокалова. Истото важи за дополнителните табли
  - Должината на страната на рамностраниот триаголник кај знаците за опасност изнесува 90 см.
  - Дијаметарот на кругот на знаците за изречни наредби и знаците за известување ,изнесува 60 см.
  - Големината на страната на знаците за известување во облик на квадрат, изнесува 60 см
  - Знаците се изработуваат од челичен лим, пластични маси со или без стаклени влакна или алуминиумски лим.
  - Позадината на знакот како и елементите за прицврстување треба да се со сива боја без сјај, отпорни на атмосферски влијанија. и означен со податоци на проиводителот
  - На лицето на знакот да се употреби ретрорефлектирачка фолија најмалку од класата на ретрорефлексија ИИ употреба на материјал исклучиво од висок сјај, со вредност на ретрорефлексија од 250 цд/луц/м, (Хигх интенситs), со соодветен цертификат од производителот на ретрорефлектирачката фолија, а на него несмее да биде никаков конструктивен елемент кој може да пречи на неговото отчитување или да ја менува неговата слика..
  - Знаците се прицврестуваат на едностолбени металени или пластичен носачи,(обоени наизменично во црвено бели полиња по 25 см, отпорни на атмосферски влијанија). Од горната страна да е заштитен со пластична капачкаЗнаците треба да бидат обезбедени од вртење и смакнување
  - Сообраќајните знаци се поставуваат на висина (од површината до најниската точка на знакот) од 0.3 до 2 Гарантен рок мин 10години
  - Во цената на сообраќајниот знак се само елементите за прицврстување
  - Сообракајните знаци,ознаки и опрема кои се употребуваат кај времениот режим на сообракај се поставуваат непосредно пред започнувањето на работите,

- Сообракајните знаци и опремата треба да бидат изработени според “Правилникот за сообракајни знаци, опрема и сигнализација на патот (Св47/10 Чл 5,15,34,39,103 глава 5)

6.2.ХОРИЗОНТАЛНА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА

При реализацијата на проектираното сообраќајно решение на коловозот треба да се изврши обележување со бела и жолта боја на апликации и тоа :

- **надолжните** ознаки (полна неиспрекината)
  разделни и рабни со ширина од 15 по цела должина
- надолжните ознаки (испрекината) со ширина од 15см и тоа со :
- растер 3 х 3 метри ,полно -празно поле кај обичната испрекината линија
- кратка испрекината линија со широчина 15 см и растер 1 х 1 метар полно празно поле кај линиите водилки
- **Напречни ознаки**
- стрелки (за означување на насока на движење и стрелки за свртување на сообракајот)
- линии за запирање
- полиња за насочување на сообракајот со широчина од 50 см.
- пешачки патеки 50 Х 400см полно празно поле

Бојите треба да имаат цертификати и да обезбедуваат рефлектирачки особини на ознаките

- Според дебелината на сувиот слој ќе се употреби тенкослојна ознака со дебелина од 0,2 *мм* до 0,8 *мм*
- Нанесувањето на бојата да е исклучиво машински за да се овозможи рамномерно нанесување на рефлектирачките куглички
- Материлалите да имаат цертификат а изведувачот да приложи контролни плочки за дебелината на сувиот слој
- Трајноста (на најмалку 50% на потрошеноста) кај надолжните ознаките е 8 месеци ,а кај попречните 6 месеци,
- Ознаките на коловозот се изработу ваат во согласност со Правилникот за сообраќајни знаци,опрема и сигнализација на патот (Службен весник на РМ број 47/10 и стандардите за бои за тенкослојно обележување на коловозот МК.S2.240)
- Цената се пресметува за м^2

7. ПРЕДМЕР И ПРЕСМЕТКА

7.1 ВЕРТИКАЛНА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА

Ознака	**СИМБОЛ**	Големини см	Количина парче	Единечна цена ден	Вкупно ден
131		3x900	4	4000	16 000
201		3x900	4	4000	16 000
235.3		Ф600	4	4000	16 000
247		Ф600	4	4000	16 000
248.2		Ф600	4	4000	16 000
302.1		600x600	9	4000	36 000
321		Ф600	4	4000	16 000
ВКУПНО 132 000 денари					

С

Во предмер пресметките дадени се средните пазарни цени на сообракајната сигнализација. Во вкупната цена од 132 000 денари влегува набавка транспорт и монтажа на сообракајната сигнализација. (без ДДВ).

7.2.ХОРИЗОНТАЛНА СИГНАЛИЗАЦИЈА

ОЗНАКИ	**Големини**	**Парче**	**Вкупно $м^2$**	**Един Цена ден**	**Вкупно ден**
пешачки	4x0,5	40	80	300	24 000
Стоп линии	05x4	8	16	300	4 800
Стрелки Еднонасочни	1.2	12	15	300	4 500
Стрелки Двојни	1.6	12	20	300	6 000
Симбол триаголник	1,5	4	6	400	2 400
Шрафирани бели		4	40	400	16 000
ВКУПНО					**57 700**

Просечната потрошувачка на материјали за обележување е :
за нови ознаки боја од 700 до 800 грам/$м^2$
разредувач 5-10%
перла 10%

Вкупно потребни средства за реализација на проектната задача без ДДВ е
189 700 денари

8.ЗАКЛУЧОК

Сообракајните знаци и опремата, ги поставува инвеститорот на работите Општина Струга. кој мора да врши и надзор на состојбата на сообракајните знаци и опрема и доколку приликите бараат да се извршат соодветни промени, на основ претходно издадена согласност од надлежен орган-Општина Струга, го прави тоа.

Времен режим на сообракајот треба да важи додека е реализација на Урбанистички проект за инфраструктурен проект за воведување на кружна крстосница на вкрстување помегу магистралната улица М1 (дел М4) и собирната улица "С2"Струга согласно измена и дополнување на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017)Општина Струга.

Со проектираниот времен режим на сообраќај, ќе се обезбеди нормално и безбедно функционирање на сообракајот на уличната мрежа во опкружувањето, односно со реализацијата на проектираната сигнализација, ќе се обезбеди нормално и безбедно функционирање на сообракајот .


C

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

Магистрална улица „М1“ (УП)




Магистрална улица „М1“ (ГУП)



Собирна улица „С2“ (УП)



Собирна улица „С2“ (ГУП)




ПРОЕКТ БИРО Проект Биро увоз извоз ДООЕЛ Охрид Ѓорче Петров 4/1 Охрид, Македонија тел. +389 70 232 411 Е-маил: proektbiro@yahoo.com мат.број 6369804 Лиценца бр: П 311/А	инвеститор: Општина Струга објект/локација: Времена измена на режим на сообраќајот до реализација на урбанистички проект за инфраструктурен проект за воведување на кружна крстосница на вкрстување помегу магистралната улица М1 (дел М4) и собирната улица "С2"Струга согласно измена и дополнување на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) Општина Струга Управител: Елизабета Филоска Лошкоска	проектант: дипл.сооб.инж Цане Шокларовски ЦАНЕ ШОКЛАРОВСКИ дипл.сооб.инж. СООБРАЌАЈ А.5. ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0026 фаза на проектирање: ОСНОВЕН СООБРАЌАЕН ПРОЕКТ име на цртежот: КОТЕН ПЛАН		
бр. на проектот: 04-23/1	датум: 10.2023	дел од цртеж:	размер: 1:500	фаза: С / страна: 1.0


ЛЕГЕНДА:

- ПОЛНА БЕЛА ЛИНИЈА
- ЕДИНЕЧНА СТРЕЛКА
- ОЗНАКИ НА КОЛОВОЗ


Магистрална улица „М1“ (УП)




Магистрална улица „М1“ (ГУП)



Собирна улица „С2“ (УП)



Собирна улица „С2“ (ГУП)



Проект Биро увоз извоз ДООЕЛ Охрид
Ѓорче Петров 4/1 Охрид, Македонија
тел. +389 70 232 411
Е-маил: proektbiro@yahoo.com
мат.број 6369804
Лиценца бр: П 311/А

инвеститор:
Општина Струга

објект/локација:
Времена измена на режим на сообраќајот до реализација на урбанистички проект за инфраструктурен проект за воведување на кружна крстосница на вкрстување помегу магистралната улица М1 (дел М4) и собирната улица "С2"Струга согласно измена и дополнување на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) Општина Струга

проектант:
дипл.сооб.инж Цане Шокларовски

ЦАНЕ ШОКЛАРОВСКИ дипл.сооб.инж. СООБРАЌАЈ А.5. ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0026

Управител:
Елизабета Филоска Лошкоска

фаза на проектирање:
ОСНОВЕН СООБРАЌАЕН ПРОЕКТ

име на цртежот:
ХОРИЗОНТАЛНА СИГНАЛИЗАЦИЈА

бр. на проектот	датум:	дел од цртеж:	размер:	фаза:	страна:
04-23/1	10.2023		1:500	С	2.0

ЛЕГЕНДА:

СООБРАЌАЕН ЗНАК


Магистрална улица „М1“ (УП)




Магистрална улица „М1“ (ГУП)



Собирна улица „С2“ (УП)



Собирна улица „С2“ (ГУП)



Проект Биро увоз извоз ДООЕЛ Охрид Ѓорче Петров 4/1 Охрид, Македонија тел. +389 70 232 411 Е-маил: proektbiro@yahoo.com мат.број 6369804 Лиценца бр: П 311/А	инвеститор: Општина Струга објект/локација: Времена измена на режим на сообраќајот до реализација на урбанистички проект за инфраструктурен проект за воведување на кружна крстосница на вкрстување помегу магистралната улица М1 (дел М4) и собирната улица "С2"Струга согласно измена и дополнување на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) Општина Струга Управител: Елизабета Филоска Лошкоска	проектант: дипл.сооб.инж Цане Шокларовски ЦАНЕ ШОКЛАРОВСКИ дипл.сооб.инж. СООБРАЌАЈ А.5. ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0026 фаза на проектирање: ОСНОВЕН СООБРАЌАЕН ПРОЕКТ име на цртежот: ВЕРТИКАЛНА СИГНАЛИЗАЦИЈА	
бр. на проектот: 04-23/1	датум: 10.2023	дел од цртеж:	размер: 1:500 / фаза: С / страна: 3.0

МИСЛЕЊЕ ОД ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

АД Водостопанство на РСМ - Скопје
SHA Ekonomia e Ujërave të RMV-Shkup

ул. 3 - та Македонска бригада 1 бр.10 а Скопје тел. 02/5116-401;02/5116-402
rr. Brigada e 3- të Maqedonase 1 nr. 10 a Shkup tel. 02/5116-401; 02/5116-402
jpvodostopanstvo@yahoo.com / advodostopanstvo_rm@hotmail.com

До: Општина Струга
Плоштад Мајка Тереза б.б. 6330 Струга

Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост
Shoqëria Aksionare Ekonomia e Ujërave e Republikës së Maqedonisë së Veriut në pronësi shtetërore
Бр.-Nr. 11-708/3
22.04 2024 год./viti
Skopje/Shkup

Предмет: Известување
Врска: Ваш бр. 10-914 од 03.04.2024 и наш бр. 708 од 05.04.2024

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани,
Во врска со вашето барање со Ваш бр. Ваш бр 10-914 од 03.04.2024 и наш бр. 708 од 05.04.2024 за произнесување во постапката за изработка на урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстување помеѓу магистрална улица М1 (дел од М4) и собирна улица С2 согласно измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017),

Ве известуваме:
АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје, **го прифаќа** урбанистичкиот проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстување помеѓу магистрална улица М1 (дел од М4) и собирна улица С2 согласно измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017).

НАПОМЕНА: Границата на проектниот опфат зафаќа мал дел од главниот Калишки одводен канал во вид на триаголник, односно на КП 2834/2 и КП 2836/2 која претставува заштитен појас на истиот канал.
На источната страна од овој канал е КП 2836/2 која претставува заштитен појас на одводен канал не е дозволена никаква градба која би имала негативно влијание во одржувањето на истиот со механизација.
Доколку низ заштитниот појас на одводен канал и самиот одводен канал планирате да поминува било каква инфраструктура, потребно е претходно да обезбедите водостопанска согласност согласно Законот за води.

Со Почит,

Изработил: Мирјана Чемкова
Контролирал/ Одобрил:
Коста Малзарков

АД „Водостопанство на РСМ" – Скопје
SHA „Ekonomia e Ujërave të RMV" - Shkup
Главен извршен директор
Drejtor Gjeneral Ekzekutiv
Llokman Limani

ОПШТИНА СТРУГА
KOMUNA E STRUGËS

Примено Pranuar	25.04.2024		
Орга.единица Njes.organizative	Број Numer	Прилог Shtese	Вредност Vlera
10-	914		

Во Акта - Архивски знак
Në Akt - Shenja arkivore
Рок на чување
Afati i ruajtjes

N.P Ujësjellës dhe kanalizim Strugë

Јавно претпријатие за снабдување со вода за пиење,
Одведување и пречистување на отпадни и атмосферски води на
Општина Струга

EDB: MK4026019532473

ДО:
Проект Биро увоз-извоз
Охрид ул.Ѓорче Петров 4/1
ОХРИД

DERI TE:
Projekt Biro import-eksport Ohër rr.Gjorçe Petrov 4/1
OHËR

Бр./Nr. 09-182/2

29.02 **2024**

Сектор/Sektori:

Тех.Служба/Shërb.Tek

Предмет: Доставување на мислење

По ваше писмено барање од 26.02.2024 за доставување мислење за изработка на урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица "М1" (дел од М4) и собирна улица "С2", ЈП "Водовод и Канализација" Струга ви доставува позитивно мислење.

Прилог: Скица со уцртани наши мрежи.

Lënda: Dorëzim i mendimit

Në lidhje me kërkesën tuaj me shkrim nga data 26.02.2024 për dorëzim të mendimit për punime të projektit urbanistik për infrastrukturë për prezantim të rrethrotullimit në udhëkryqin mes rrugës magjistrale "M1" (pjesë e M4) dhe rrugës mbledhëse "S2", NP Ujësjellës dhe Kanalizim Strugë ju dorëzon mendim pozitiv.

Shtojcë: Skicë me vizatime të rrjeteve tona.

Со почит,


ЈП Водовод и канализација Струга
Директор


Проф.Др. Дашмир Н. Насуфи

Me respekt,

NP Ujësjellës dhe kanalizim Strugë
Drejtor

Prof.Dr.Dashmir N. Nasufi


2837/70
20
2837/13
2837/12
2837/27
2837/10
2837/14
2832/80
КО СТРУГА
ТЕ Ø 150 Гранит
ПВЦ Ø 315
ПЕ Ø 300
3108/2
2832/1
3189/2
2836/2
3188/2
3189/4
3188/1
2834/2
3187/2
ЗАП-А-Д. КОЛЕКТОР
3137/1
3137/10
3137/5
3186
3185/1


Parcela
Gradjevinska linija
Gradjevinska linija
426
2,354
6.085
21,654
790
B+P+2
B+P+3
Trzni centar
6.672
P+0
Pumpa
6.168
B+P+1
Hotel
Parcela
Parcela
Parcela
Gradjevinska linija
Parking
259
Mjesta za
parkiranje
Parking
95
Mjesta za parkiranje
Open kafe bar
Retail Center
P+0
Povrsina-
Prizemlje
8.346,44 m²
15.773
15.152
15.810
4.540
3.564
729
523
582
788
769
200
500
550
500
1.000
1.047
241
1.000
200
500
550
500
500
550
500
1.000
550
500
500
550
2.050
1.650
350
500
250
458
182
523
104.946

ЈП КОМУНАЛНО - Струга

NP KOMUNALNO - Strugë

До:Проект Биро увоз-извоз ДОО-Охрид

Даваме позитивно мислење според вашето барање во врска со Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на круЖна крстосница на вкрсувањето помегу магистрална улица ,,М1,,(дел од М4) И собирна улица ,,С2,, согласно измена И дополна на ГУП на град Струга(плански период 2007-2017)-Општина Струга

Со почит,

Иќмет Ислами
Директор на:
ЈП,,Комунално,,Струга

14.03.2024

Gradsko Pazariste b.b Tel.: 046 786 640; Fax: 046 780 357
e-mejli: komunalnostruga@yahoo.com

Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување
со електроенергетскиот систем, со државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim
me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

Бр.-Nr. 10-2613/1
05.04 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ДО
ПРОЕКТ БИРО
ул.Ѓорче Петров бр.4/1
Охрид

Наш број: 10-2613 од 03.04.2024 год.

ПРЕДМЕТ: Одговор по Ваше доставено барање

Почитувани,

Во Врска со Вашето барање за мислење по "Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица „М1" (дел од М4) и собирна улица „С2" согласно Измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) - Општина Струга" документација прикачена во постапка со бр.59902 на е-урбанизам, Ве известуваме дека врз основа на наш допис со бр.11-5705/1 од 29.09.2023год., АД МЕПСО дава **позитивно мислење** со констатација дека на предметниот плански опфат нема во сопственост постоечка линиска инфраструктура.

- веќе потврдено со наш допис бр. 11-5705/1 од 29.09.2023год, адресирано до ПРОЕКТ БИРО, Охрид.

Со Почит,
Изработил: Бојан Николовски

Одобриле:
Раководител на Оддел ДВ
Јане Ѓерасимоски

Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување
со електроенергетскиот систем, со државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim
me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup

Директор на Подружница ОПМ
Зоран Илиоски

Ко:
- Подружница ОПМ
- Оддел ДВ
- Одделение за припрема на ДВ
- Архива

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-23/7-67 од 23.02.2024
Скопје

Одговорно лице: Драган Николоски
Контакт телефон: 072 931 308

Предмет: Издавање на мислење за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис од 23.02.2024 година, со кој барате да дадеме мислење за Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица „М1“ (дел од М4) и собирна улица „С2“ согласно Измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) - Општина Струга, ве известуваме дека **немаме** забелешки за постојните и новопланираните електроенергетски објекти и инфраструктура и Ви даваме **ПОЗИТИВНО** мислење.

При планирање, согласно пресметките за потребната едновремена моќност на планираните објекти, според вид, намена и сл. препорачуваме да се предвидат нови маркици за трафостаници со определена, дефинирана градежна парцела.

Услов е кај сите вкрстувања и приближувања до електроенергетски објекти и инфраструктура, да се запазуваат законските прописи и работни норми.

Задолжително да се почитуваат заштитните појаси на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, потребно е да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација. Еден од условите за позитивно мислење за одобрение за градење е претходно реализирана дислокација и/или промена предвидена во постапката за е-урбанизам (услови издадени од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје)

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Nikoloski Dragan
Digitally signed by Nikoloski Dragan
Date: 2024.03.04 07:37:16 +01'00'

Наш број: 1404-1260/2
Скопје: 05.04.2024 г.

ДО:
ПРОЕКТ БИРО
Увоз-извоз ДОО Охрид
ОХРИД

Предмет: Одговор за барање за мислење
Врска: Ваш број : преку е-урбанизам

Во врска со вашето барање за мислење, а во врска со изработка и одобрување на **Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица „М1“ (дел од М4) и собирна улица „С2“ согласно Измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) - Општина Струга,** ве известуваме дека Агенцијата за електронски комуникации нема забелешки на доставениот Урбанистички Проект.

Сектор за телекомуникации

Изработил: Б.Илиоска
Раководител на сектор:Борис Арсов
Советник на директорот: Игор Бојациев

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

АЕК-401.03

www.aek.mk
ул.Кеј Димитар Влахов 21
1000 Скопје
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр. 59602

Датум: 06.03.2024

До
Проект Биро увоз-извоз ДООЕЛ-Охрид
Ул. Ѓорче Петров 4/1, 6000 Охрид

Предмет: Доставување на мислење

Согласно Вашето Барање за мислење добиено преку системот е-урбанизам за Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица „М1“ (дел од М4) и собирна улица „С2“ согласно Измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) - Општина Струга, Ви доставуваме ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ.

Кон ова ги додаваме и следните

Услови за согласност: Да се превземат сите неопходни мерки за заштита на постојната тк инфраструктура согласно техничките прописи или наша усогласеност. Доколку се јави потреба од заштита/дислокација на тк инфраструктурата, Ве молиме да поднесете барање до Секторот за продажба. Секоја евентуална штета која ќе биде направена во текот на работите врз тк инфраструктурата должни сте веднаш да ја пријавите на наша адреса.

Лице за контакт: Николче Тасевски, тел. 070/200-176.

Со почит,
Македонски Телеком АД Скопје
DEVOPS активности на оптика
и мрежи од следна генерација
По овластување на
Дејан Влаховиќ

NIKOLChE TASEVSKI
Digitally signed by NIKOLChE TASEVSKI
Date: 2024.03.06 15:56:07 +01'00'

Бр/Nr. 10-2520/2

Скопје/Shkup 01-03-2024 година/viti

ДО ПРОЕКТ БИРО дооел
ул. „Ѓорче Петров“ бр.4/1
6000 Охрид

Предмет: Мислење

Почитувани,

Врз основа на Вашиот допис бр.(нема) од 22.02.2024 год. со кој барате мислење за Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу магистрална улица „М1„ (дел од М-4) и собирна улица „С2“ согласно Измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017)-Општина Струга, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, ги разгледа пристигнатите прилози, заверени со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-2520/1 од 26.02.2024 година:

- Комлет урбанистички проект.

Од доставените и разгледани прилози констатирано е дека, по однос на Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу магистрална улица „М1„ (дел од М-4) и собирна улица „С2“ согласно Измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017)-Општина Струга, Јавното претпријатие за државни патишта нема забелешки и дава **позитивно мислење**.

Со почит,

Директор
Ejup Rustemi

Изработил: Драгица Гашпарова
Контролирал: Кирил Каркалашев
Одобрил: d-r Ejup Latifi

Влада на Република Северна Македонија
- ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ -
Подрачно одделение Струга

26 Февруари 2024 година.

Бр. 09/3-23/2

До
“ ПРОЕКТ БИРО ” ДОО
Охрид

Предмет: Мислење, доставува.-
Врска : Ваш акт со.број - ? - од - ? - год.

Врз основа на член 53 од Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 93/12 – пречистен текст 41/14, 129/15, 71/16, 106/16) а согласно член 1 и член 88 од Законот за општа управна постапка (Сл. Весник на РМ бр. 124/15) Дирекцијата за заштита и спасување – Подрачно одделение за заштита и спасување Струга Ви го доставува следното:

М И С Л Е Њ Е

За застапеноста на мерките за заштита и спасување за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица „М1„ (дел од М4) и собирна улица „С2„ согласно измена и дополна на ГУП за град Струга (плански период 2007-2017) - Општина Струга.

Дирекцијатра за заштита и спасување изврши увид во поднесената документација - **изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица „М1„ (дел од М4) и собирна улица „С2„ согласно измена и дополна на ГУП за град Струга (плански период 2007-2017) - Општина Струга** изработена од „ПРОЕКТ БИРО„ ДОО Охрид и констатира дека мерките за заштита и спасување се соодветно вградени, врз основа на што Дирекцијата за заштита и спасување дава **позитивно мислење.**

Изработил: Зоран Џутески

Zoran Djuteski
Digitally signed by Zoran Djuteski
Date: 2024.02.26 10:48:56 +01'00'

ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
Подрачно одделение за ЗС – Струга
Овластен Потписник
Зоран Џутески

Доставено до: Насловот,
Архива

Дирекција за заштита и спасување
Сектор за превенција, планирање и развој
Одделение за издавање на урбанистичка согласност
ул. „Васко Карангелевски“ бр.8,
1000 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 2433 384
www.dzs.gov.m
dzs@dzs.gov.mkdzs@

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ОХРИД

НУ. Завод и Музеј - Охрид, ул. "Боро Шапи" бр. 10,П.Фах. 95, 6000 Охрид, Република Македонија,
тел. 046/262-498; 046/231-300; факс 046/231-302, Музејска зграда Робевци 267-173;
e-mail: zimohrid@yahoo.com жиро сметки: буџетска 180100907560319 и сопствена 18010090

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE
Бр./Nr. 13-266/2
19.03.2024
Охрид/Ohër

До
ПРОЕКТ БИРО доо Охрид
Ул„Ѓорче Петров„ бр 4/1
6000 Охрид
Е-маил: proektbiro@yahoo.com

Предмет: *Достава на мислење*

Поврзан со: *Барање доставено на 26.02.2024 со Наш бр 13-266/1 од 27.02.2024 за барање мислење за Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница.*

Врз основа на службената евиденција што ја води НУ Завод и Музеј-Охрид и по увидот во доставената документација, го даваме следново:

МИСЛЕЊЕ

На предвидената траса од Урбанистичкиот проект за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица „М1“ (дел од М4) и собирна улица „Ц2“ согласно Измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) Општина Струга, нема евидентирани археолошки локалитети или друго културно наследство.

Исто така се почитува „Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план 2020-2029” (Сл. Весник бр 45/2020)“. Бидејќи трасата на инфраструктурната градба – кружна крстосница, се наоѓа во просторот заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион, во планската документација испочитувани се одредбите со напомена дека, доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно да се изврши увид од страна на стручно лице – археолог, и направи записник од увидот со кој ќе се дадат понатамошни смерници во постапката.

Помеѓу другото во Извадокот од Нацрт записникот од 187-та Владина седница во Точка 31: Информација за потребата од преземање на итни мерки за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, во потточка 18 се задолжува Министерството за транспорт и врски, а им се укажува на Општините, сите урбанистички плански документации да ги доставуваат до комисијата за уптавување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, на мислење уште во фаза на предлог опфат,

односно пред да бидат усвоени од општинската Комисија за урбанизам и инкорпорирани во годишната програма за изработка на урбанистички планови

Недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање заштитен регион, градителска целина или поединечен објект или нивното опкружување, како заедничко светско културно богатство кое припаѓа на целото човештво, треба да се третираат на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или поширокото подрачје и потенцирање на неговите градежни обликовни и естетски вредности.

Подготви:
М-р, Горан Патчев,
Виш конзерватор

Директор,
м-р Јасмина Јакоски

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ВОДИ - DEPARTMENTI I UJËRAVE

Арх.бр./Nr.Arh. 11-1827/2
Дата/Date: 05-04-2024

ДО/DERI TE: Проект Биро Доо Охрид
Ул. Ѓорче Петров 4/1
6000 Охрид

ПРЕДМЕТ/LËNDA: Известување од аспект на заштита на водите

Почитувани,
Të nderuar,

Во врска со Вашето барање бр.11-1827/1 од 27.02.2024 година на мислење за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица М1 (дел од М4)и собирна улица С2 согласно измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) општина Струга, по увидот во проектната документација, текстуален и графички дел, Ве известуваме дека планскиот опфат зафаќа површински водотек, кој поминува низ КП2834/2 и КП2834/1 КО Струга кои во Агенцијата за катастар на недвижности се заведени под култура "река".

Од тие причини, согласно Законот за води (Службен весник на Република Македонија бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и 151/21) при изработка на урбанистичката проектна документација потребно е да се запазат и да се вградат во текстуалниот дел од проектот, во делот Мерки за заштита, следниве критериуми за заштита, одржување и уредување на површинските води и крајбрежните земјишта:

1. Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, забрането е, освен со дозвола или согласност, изградба на постројки и објекти во заштитениот крајбрежен појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци, а во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определува советот на општините и советот на градот Скопје на предлог на градоначалникот на општината, по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животна средина.

2. Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, езерата и акумулациите се забранува освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон:

   - да се менува правецот на водотекот;
   - да се врши градба или зафат кои што би имале негативно влијание врз протокот на водотекот;
   - да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите;
   - да се сечат дрвја, грмушки и друга вегетација во речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите;

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

- да се вади чакал, песок и камен од корита и бреговите на површински водни тела за да не дојде до влошување на постојниот режим на водите и се предизвикуваат процеси на ерозија или оневозможува користењето на водите;
- да се изгради брана, насип или слична препрека која би имала негативно влијание на протокот на водотекот;
- да се фрлат отпаден материјал (комунален, индустриски и др.), земја, градежен шут, јаловина и слично;
- да се вршат други активности со кои се оштетуваат речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите.

3. Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува

   - да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се загрозува стабилноста на одбранбените насипи;
   - да се копа земја, да се садат дрвја и грмушки, забиваат колци или да се подигаат огради, доколку не се составен дел на системот за одбрана од поплави;
   - да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади и да се изведуваат активности кои би можеле да го загрозат наменското користење на водостопанските објекти и постројки;
   - да се копаат и дупчат бунари на растојание помало од 20 метри од ножицата на одбранбените насипи;
   - да се копаат прокопи и паралелни канали по должината на насипот поблиски од 10 метри од внатрешната и 10 метри од надворешната страна на ножицата на насипот;
   - во појасот на одбранбениот насип и други заштитни водостопански објекти и постројки да се сечат дрвја, врбјаци и грмушки што се составен дел на заштитата, одбранбените работи и мерки, ако тоа не е определено со планот за одржување на заштитните објекти и постројки;
   - да се врши сообраќај долж или преку водостопанските објекти и постројки, освен на определени места за тоа (природни рампи);
   - да се вади песок, чакал, камен и друго од заштитните водостопански објекти и постројки, ако тоа не е предвидено со планот за нивно одржување;
   - да се вршат и други работи кои би можеле да ја загрозат стабилноста на одбранбените насипи или се оштетуваат водостопански објекти и постројки.

4. Изведувањето на водостопанските објекти и постројки, да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно –техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците.

5. Да се превземат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции.

6. Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, езерата и акумулациите за спорт, рекреација и слични активности е слободен.

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

7. Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од населени места и стопански комплекси, согласно Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води и Уредбата за класификација на водите (Сл.весник на Р.М . бр.18/99).

Согласно Законот за водите, Министерството за животна средина и просторно планирање издава водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти коишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите.

Со оглед на тоа дека во близина на планскиот опфат поминува и хидросистем од водостопански објекти за уредување на режимот на користење на водите, потребно е да се обратите до А.Д. Водостопанство на Република Северна Македонија, како надлежен правен субјект кој управува и стопанисува со овие објекти, за одредени мерки и услови кои треба да бидат задоволени при изработката на проектната документација.

Воедно Ве информираме дека Министерството за животна средина и просторно планирање не може да се произнесе по однос на местоположбата на постоечките или планирани водоводни и канализациони инсталации на планираниот опфат, затоа што не располага со таков вид на податоци и не управува со истите. Според одредбите од Законот за регистрација на подземни и надземните инфраструктурни објекти и придружни инсталации (Сл.Весник на Република Македонија бр.6/12) општините, општините во градот Скопје и градот Скопје се одговорни да водат евиденција и да воспостават Регистар на подземни и надземни инфраструктурни објекти и придружни инсталации, секоја за своето подрачје.

По доставување на корегирана Планска документација Управата за животна средина - Сектор за води во Министерството за животна средина и просторно планирање ќе даде конечно мислење за предметната проектна документација.

Со почит,
Me respect,

МИНИСТЕР
Каја Шукова

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup

Изработил/Përpiloi : Рената Барутовска
Контролирал/Kontrolloi: Снежана Мартулкова
Согласен/Miratoi: Ylber Mirta

Управа за животна средина/Drejtoria për mjedis jetësor
Директор/Drejtor
Hisen Xhemaili

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

АрхБр./Nr.Arh. 11-2166/4

Дата/Data: 18 -04- 2024 год./viti

ДО: Проект Биро,ДОО
Ул.Ѓорче Петров, 4/1
6104 Охрид

ПРЕДМЕТ: Одговор на барање

ВРСКА: Наш бр.11-2166/1 од 15.03.2024 год.

Почитувани,

Во врска со доставениот допис со акт бр. 11-2166/1 од 15.03.2024 година, кој се однесува на доставување податоци и информации за потребите на Проект Биро,ДОО-Охрид, за Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстување помеѓу магистрална улица М1 и собирна улица С2, согласно измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017), општина Струга, Секторот за природа при Управата за животна средина како орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП),од аспект на своите надлежности од областа на заштита на природата и увидот на доставената документација, Ве известува за следното:

Во врска со доставената документација за предметното барање, а врз основа на мислењето од Службата за просторен информативен систем при Министерството за животна средина и просторно планирање (допис бр.16-2166/3), констатирано е дека просторот на предметниот плански опфат на проектот не влегува во граници на заштитени подрачја утврдени со закон .

Меѓутоа предметниот плански опфат се наоѓа во границите на УНЕСКО-Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион ("Сл. весник на РМ", бр.75/10) за кој е донесен План за управување на културното и природно наследство на Охридскиот регион (2019-2028).Управувањето со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион се уредува со Закон за управување со светско природно и културно наследство во Охридскиот регион (“Сл.весник на РМ“75/10).

На 42-от состанок на Постојниот комитет на Секретаријатот на Бернската Конвенција, одржан во периодот од 29.11.2022 до 03.12.2022 година во Стразбур, донесени се одлуки T- PVS (2022) MISC од 2 Декември 2022 година согласно коишто е побарано од Владата на Република Северна Македонија, во однос на отворениот случај Бр.2017/2, да ги запре сите активности за урбанизација и легализација на бесправно изградените објекти (вклучувајки ги и административните процедури)

кои се однесуваат на просторите на Охридското Езеро, Националниот Парк Галичица и локлитетите кои се дел од Националната Емералд Мрежа на подрачја од посебен интерес за зачувување *(ASCI-Areasof Special Conservation Interest).*

Согласно Заклучоците од 63-та Седница на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за животна средина и просторно планирање формира Работна група за следење и имплементација на препораките од Бернска конвенција (Решение бр. 12-6535/1 од 31.08.2022) во којашто како номиниран претставник од општина Охрид партиципира Г-га Јасминка Трајковска Момировска, Советник во Секторот за животна средина и управување со отпад.
Земајки го во предвид горенаведеното, Ве известуваме дека треба да се постапи во согласност со препораките бр. 211/2021 година и со препораките од 43-от состанок на Постојниот Комитет на Секретаријатот на Бернската Конвенција кој што се одржа во периодот од 28 Ноември - 1 Декември 2023 година. На Владата на Република Северна Македонија во врска со Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион (УНЕСКО 2020-2029) се препорачува да ги :

(а) ~~комплетира и ажурира просторни~~ и ~~урбанистички плански документи~~ за да се осигура дека сите идни градби во Охридскиот регион се усогласени со извонредната универзална вредност, вклучително и оние за кои веќе се издадени нематеријализирани градежни дозволи и други поврзани дозволи; и

б) да се воспостави ефикасен мораториум на сите градби, освен за основните потреби, како што се инфраструктурата за отпадна вода и службите за итни случаи, додека Препораките 3, 4а и 12 не бидат соодветно завршени.

Истовремено согласно Извадокот од Нацрт-записникот од единаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19.03.2024 година, а во врска со Точка :28 Информација за учеството на Четириесет и третиот состанок на Постојаниот Комитет на Бернска конвенција (27.11.2023-01.12.2023), Стразбур, Франција, Владата ја усвои истата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерството за култура и Министерството за надворешни работи да постапуваат согласно препораките бр.211(2023) на Бернска конвенција.

2. Се препорачува на општините Охрид, Струга, Дебарца, Ресен и Маврово-Ростуше, Јавната установа Национален парк Маврово-Маврови Анови, Јавната

установа Национален парк Галичица-Охрид и Јавната научна установа Хидробиолошки завод-Охрид да постапуваат согласно препораките бр.211 (2023) на Бернска конвенција.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ја информира Владата за прогресот на активностите од страна на институциите согласно препораките бр.211 (2023) на Бернска конвенција, најдоцна до 31.03.2025 година.

Во таа насока Ве известуваме дека за предметното барање, заради спроведување на препораките на Бернската Конвенција на локално ниво, потребно е да се почитуваат препораките бр. 211 (2023) на Бернска конвенција.

Изготвеното стручно мислење Ви се доставува на Ваша понатамошна надлежност согласно член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Сл. весник на РМ", бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 124/15, 129/15 217/15, 31/16, 190/17 и "Сл. весник на РСМ", бр.174/21).

МИНИСТЕР
Каја Шукова

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје * * * Shkup Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Republika e Maqedonisë së Veriut

Подготвил: м-р Наташа Јовановска
Приверил: м-р Смиљка Тенева
Контролирал: м-р Сашко Јорданов
Согласен: м-р Влатко Трпески
Директор на Управата за животна средина
Drejtori Drejtori së përmjedis jetësor
HisenXhemaili
Одобрил: Државен секретар
Nebi Rexhepi

Република Северна Македонија
Агенција за катастар на недвижности

Republika e Maqedonisë së Veriut
Agjencia e kadastrës së paluajtshmërive

ДО: "ПРОЕКТ БИРО " ДОО од Охрид

Бр. / Nr. _____
Дата: / Me datë: _____,
Скопје / Shkup
0939-5139/2
9.4.2024
Трифун Хаџи Јанев бр.4
/ Trifun Haxhi Janev nr.4
1000 Скопје / Shkup
Тел. / Tel. (02) 3204 801
Факс: / Fax. (02) 3171 668
Е-пошта: / Posta e-:
info@katastar.gov.mk
Сајт: / Faqja: www.katastar.gov.mk

ПРЕДМЕТ: Мислење за утврдена состојба

Врска:Број на постапка во Е-Урбанизам преку **ПИМ** со број **60968**
Ваш бр. _____
Наш бр. 0939-5139/1 од 02.04.2024 год.

Почитувани,

До Агенцијата за катастар на недвижности, иницирате постапка за барање за податоци и информации од Урбанистички проект за инфраструктура за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу Магистрална улица „М1" (дел од М4) и собирна улица „С2" согласно Измена и дополна на ГУП на град Струга (плански период 2007-2017) - Општина Струга, изработен од *„ПРОЕКТ БИРО" ДОО од Охрид* со тех. бр. 01-23/13 од 02.2024, со податоците од катастарскиот план, врз основа на член 47 став 8 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/2020 и 111/23).

